# ЕВИДЕНЦИЈА НА ДОБИЕНИ КОМЕНТАРИ И ПРЕДЛОЗИ И СТАТУС НА ИСТИТЕ

| Институција | Коментар | Одговор |
|---|---|---|
| ГАМА | Изразот lime pack треба да се преведе | Прифатено. Дефиницијата е избришана, а во текстот на законот каде се споменува ставен е терминот „оперативна акумулација“ |
| | Дефиницијата во точка 66 за капацитет на природен гас не е добра. | Прифатено. Направена е корекција во дефиницијата. |
| | Дефиницијата во точка 120 за гарантиран преносен капацитет да се избрише бидејќи изразот го има само во дефиниции а не во текстот на законот и може да се замени со преносен капацитет на систем за пренос како што е дефиниран во мрежните правила | Прифатено, дефиницијата е избришана |
| | Кај дефиницијата за мали крајни потрошувачи се користи термин „нормален метар кубен“ , подобро е да се види дефиниција на пазар на природен гас и од таму да се преземе | Делумно прифатено, променета е дефиницијата за мал потрошувач на природен гас |
| | Дефиницијата со точка 125 за пристап на трета страна е непотполна. Постои право на корисникот да пристапи на туѓ имот а ја нема обврската да му се даде обврска да се обезбеди пристап. Тоа е модел систем според кој на тој што сака да користи туѓ имот му се дава тоа право но под одредени услови. | Делумно прифатено. |

| | | |
|---|---|---|
| | Член 113 – поднаслов на член 112 – постапка за сертификација – дали му е соодветно местото – селективен превод со што се губи интегритет на основниот текст | Направена е корекција |
| | Изразот ЛНГ да се смени за да не остане „втечнат природен гас“. | Прифатено. |
| 3. МЕР | Не е јасно за кои случаи се однесува изградбата на нови водови за пренос од член 63, бидејќи не се збори за преносни мрежи туку за дистрибутивни мрежи. Треба да се појасни и да се додефинира. | Прифатено. |

| | | |
|---|---|---|
| МАКПЕТРОЛ | Во врска со предлог Законот за енергетика, предлагаме членот 5 да се измени и да гласи :<br>(1) Со цел да се оневозможи дискриминаторното однесување, вкрстеното субвенционирање и нарушувањето на конкуренцијата во случаите кога едно правно лице, независно од неговата сопственост и правна форма, врши една или повеќе регулирани енергетски дејности или една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност, тоа лице е должно до Регулаторната комисија за енергетика да го достави образецот СПД со искажани приходи по дејности.<br>(2) Ако лицето кое врши една или повеќе регулирани енергетски дејности или една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност не е обврзано да ги објавува своите годишни | Членот гласи<br>**Одвоено сметководство**<br>**Член 1**<br>(1) Со цел да се оневозможи дискриминаторното однесување, вкрстеното субвенционирање и нарушувањето на конкуренцијата во случаите кога едно друштво, независно од неговата сопственост и правна форма, врши една или повеќе регулирани енергетски дејности или една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност, тоа друштво е должно да:<br>3) води одвоено сметководство за секоја поединечна регулирана енергетска дејност што ја врши, |

| | | |
|---|---|---|
| | сметки, но во своето седиште да чува копија од овие сметки за увид.<br>(3) Ако лицето врши една или повеќе регулирани енергетски дејности или една или повеќе регулирани енергетски дејности или друга дејност, неговото сметководство мора да вклучува финансиски извештаи пропишани со закон за секоја дејност и доколку тоа е случај, за регулирана енергетската дејност при чие вршење е должен да обезбеди јавна услуга за што во согласност со овој закон му се доделени финансиска или друг форма на надомест или ексклузивни права.<br>(4) Покрај обврските од ставовите (1), (2) и (3) од овој член претпријатието за природен гас е должно:<br>1) во својата сметководствена евиденција да ги наведе правилата за распределба на средствата и обврските, приходите и расходите и амортизацијата, во согласност со важечките сметководствени правила што се применуваат при изготвувањето на одвоеното сметководство од став (3) на овој член, а овие правила може да ги промени во исклучителни случаи при што е должно да ги наведе и образложи овие промени, и<br>2) во објаснувачките белешки на годишните финансиски извештаи да ги наведе сите зделки со поврзаните претпријатија што го надминуваат дозволениот обем определен од Регулаторната комисија за енергетика.<br>(5) Покрај финансиските извештаи од став (3) на овој член коишто треба да бидат изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, Регулаторната комисија за енергетика може да пропише обврска на регулираните претпријатија да објавуваат, водат | 4) води одвоено сметководство за дејностите кои ги врши и кои не се регулирани енергетски дејности или други дејности кои ги извршува, и<br>5) изготви и објави финансиски извештаи и други извештаи за активностите и обврските наведени во точките од 1) и 2) од овој став, во согласност со прописите и правилата за финансиско известување и ревизија.<br>(2) Друштвото од став (1) на овој член е должно во своето седиште да чува копија од овие сметки и да ги направи достапни за увид на надлежните органи.<br>(3) Ако друштвото врши една или повеќе регулирани енергетски дејности, една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност, неговото сметководство мора да вклучува финансиски извештаи пропишани со закон за секоја дејност и доколку тоа е случај, за енергетската дејност при чие вршење е должен да обезбеди јавна услуга за што во согласност со овој закон му се доделени финансиска или друга форма на надомест.<br>(4) Покрај обврските наведени во ставовите (1), (2) и (3) од овој член, друштвото кое врши регулирана енергетска дејност е должно да достави до Регулаторната комисија за енергетика ревидирани годишни финансиски извештаи за секоја регулирана дејност одделно, и да ги објави на својата веб страница. За нерегулираните енергетски и други дејности, финансискиот извештај што се доставува до Регулаторната комисија за енергетика може да биде во консолидирана форма. Финансиските извештаи треба да бидат изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување |

| | | |
|---|---|---|
| | и поднесуваат други извештаи, сметки и регистри, и да ја пропише нивната форма и содржина.<br><br>Во контекс на оваа измена предлагаме и ставот 2 од членот 35 да измени и да гласи :<br>(2) Во случај кога носителот на лиценца на овој член врши енергетска и неенергетска дејност, годишниот надоместок од овој член се наплаќа за енергетските дејности, според податоците содржани во СПД образецот, во согласност со барањата од Член 1 од овој Закон.<br>Во членот 5 од Предлог Законот за енергетика е содржана одредба за водење на одвоено сметководство за секоја регулирана дејност и доставување на ревидирани финански извештаи за секоја регулирана дејност до Регулаторната комисија за енергетика. Ваквата одредба, покрај фактот што во голема мерка би ги поскапела трошоците во работењето, по наше мислење е практично неспроведлива, од причина што ниту една ревизорска куќа нема да врши парцијална ревизија на финансиот извештај. Буквалната примена на оваа одредба би значела трансформација на организациониот облик на друштвото од сметководствена смисла, односно конкретно за потребите на решението содржано во цитираниот член Макпетрол АД Скопје би требал да се трансформира во некоја сложена правна (холдинг компанија). Актуелниот Закон за трговски друштва не познава сложени облици на организирање. Уште повеќе, синтагмата „одвоено сметководство" во реалноста не може да постои во рамките на едно друштво од причина што сите процеси што се одвиваат се поврзани и неможе да се изврши прецизна дистинкција на трошоците по одреден вид на дејност (трошоци за превоз на деривати за продажба на големо или мало и сл.). | Регулаторната комисија за енергетика може да пропише обврска на друштвата кои вршат регулирани енергетски дејности да објавуваат, водат и поднесуваат други извештаи, сметки и евиденции, и да ја пропише нивната форма и содржина.<br><br>Со член 35 став (2) од нацрт законот се предлага:<br>„ Ако едно лице е носител на една или повеќе лиценци за вршење на енергетски дејности, годишниот надоместок се наплаќа од вкупниот приход остварен по основ на вршење на енергетските дејности.<br>."

| | | |
|---|---|---|
| | Ваквото решение има и практична импликација во членот 35 од Предлог Законот за енергетика кој предвидува начин и постапка за утврдување на надоместок за финансинарање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика. Иако членот 5 предвидува одвоено сметководство, во членот 35 повторно се оперира со термин „вкупен приход". Ова е сосема спротивно на членот 55 од Уставот на Република Македонија кој ја гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Доколку ваквото решение за наплата на надоместокот опстане, ќе значи дека Регулаторната комисија за енергетика ќе наплаќа за нешто што е надвор од опфатот на нејзините ингеренции и ќе значи против уставно нарушување на слободата на претприемништвото на субјектите кои се занимаваат со енергетски дејности.<br>За надминување на ваквата состојба постои многу ефикасно законско решение кое е веќе имплементирано и успешно функционира. Имено, субјектите од нефинанскиот сектор кои вршат трговска дејност заради остварување на добивка поднесуваат годишна сметка согласно Законот за трговски друштва на обрасци пропишани во Правилникот за формата и содржината на годишната сметка и Правилникот за посебни податоци потребни за системот за државна евиденција и формата и содржината на образецот за државна евиденција. Со последната измена на Правилникот за посебни податоци потребни за системот за државна евиденција и формата и содржината на образецот за државна евиденција (Службен весник на РМ 9/16), воведен е нов образец за структура по приходи СПД кој е составен дел од годишната сметка и кој како нејзин дел подлежи на ревизија. Во тој образец трговските субјекти се должни да ги внесат сите приходи по дејности расчленето во согласност со нумерацијата од Националната класификација на дејности.<br>Прифаќањето на ова решение во Законот за енергетика ќе придонесе за максимално олеснување на работење на | |

| | | |
|---|---|---|
| | друштвата а воедно ќе претставува основа за транспарентно и законито утврдување на надоместокот кој го наплаќа Регулаторната комисија за енергетика. Образецот СПД, како составен дел од ревидираната годишна сметка служи за определување на претежна дејност на трговските субјекти што пак од друга страна се користи од Управата за јавни приходи за фискални цели. Со оглед на значењето и примената на овој образец сосема е логично истиот во целост да се искористи и за потребите на Законот за енергетика. | |

| | | |
|---|---|---|
| БЕГ и ТЕТО | Сакаме да истакнеме дека за разлика од електронската верзија на нацрт текстот на Законот за енергетика кој беше доставен на 30.11.2017, во новата верзија објавена на web страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk, за енергетската дејност „снабдување со топлинска енергија“ изоставена е обврската за обезбедување на јавна услуга при вршење на дејноста.<br><br>Сметаме дека нацрт текстот на Законот за енергетика е пишуван во насока дека дејноста „снабдување со топлинска енергија“ има обврска за обезбедување на јавна услуга при вршење на дејноста т.е. да биде регулирана дејност. | Прифатено, грешка во електронската верзија. Коригирано во најновата верзија на нацрт законот, снабдување со топлинска енергија е регулирана енергетска дејност. |
| | Во Член 155, став 6 дефинирано е дека начинот за распределба и пресметка на потрошената топлинска енергија се уредува со Тарифен систем за продажба на топлинска енергија.<br><br>Забелешка: доколку дејноста „снабдување со топлина“ нема обврска за обезбедување на јавна услуга (регулирана дејност) подзаконскиот акт „ Тарифен систем за продажба на топлинска енергија“ потребено е да се замени со друг подзаконски акт. | Снабдување со топлинска енергија е регулирана енергетска дејност и нејзиното вршење се уредува со акти кои ги донесува РКЕ меѓу другото и со тарифни системи. |

| | | |
|---|---|---|
| | Потребно е зборовите „по цена утврдена од Регулаторната комисија за енергетика" да се избрише, односно да гласи:<br><br>**Снабдувачот со топлинска енергија, врз основа на отчитувањата на мерните уреди и отчитувањата на уредите за локално распределување од Член 155, став (4) и став (5) од овој Закон, врши фактурирање и наплата на испорачаната топлинска енергија на крајните потрошувачи.** | Не се прифаќа, цената за снабдување на топлинска енергија што ја испорачува вршител на енергетска дејност ја утврдува РКЕ (член 158). |
| | **Забелешка на член 15, став 2**<br><br>~~Предлагаме после зборовите „електрична енергија", потребно е да се додадат зборовите~~ „топлинска енергија", односно потребно е да гласи:<br><br>**„Мерките од годишниот акциски план од став (1) на овој член не смеат да го попречат ефикасното отворање и функционирање на пазарите на електрична енергија, топлинска енергија и природен гас, и не смеат да доведат до вкрстено субвенционирање на одредени категории потрошувачи."** | Прифатено |
| | Предлагаме зборовите „оперативни резерви од" да бидат заменети со зборот „резервно", и, исто така предлагаме зборовите „и, ако е потребно" да се заменат со зборовите „при што треба", односно овој став потребно е да гласи:<br><br>**Со цел да се обезбеди сигурност во снабдувањето со топлинска енергија, Владата во согласност со Член 6 од овој закон, може да донесе одлука со која се наметнува обврска за обезбедување на јавна услуга на производителот на топлинска енергија со која се задолжува, во секое време да има резервно гориво во количина којашто е потребна за најмалку 15 дена работа со максимален капацитет, при што треба да му се додели и финансиска или друга форма на надомест. Минималните оперативни резерви на примарно гориво посебно се наведуваат во лиценцата за објавување на дејноста.** | Прифатено, со поинаков текст |
| | **Забелешка на член 152, став 3**<br><br>Во нацрт текстот има печатна грешка, формулацијата „Со договорот од ставот (3) особено се уредува:", потребно е да се коригира и да гласи:<br><br>**„Со договорот од ставот (2) особено се уредува:"** | Прифатено |

| | | |
|---|---|---|
| | <u>**Забелешка на член 152, став 4**</u><br><br>Предложениот текст дефинира ограничување за цената по која регулираниот оператор на системот за дистрибуција на топлинска енергија ќе ја откупува енергијата од производителите на топлинска енергија. Притоа, се предлага цената по која операторот на системот за дистрибуција е должен да ја откупува топлинската енергија од производителите на топлинска енергија да биде пониска најмалку 10% од цената на топлинската енергија на регулираниот производител. | Делумно прифатено (член 156 став (4) , вграден е нов став кој гласи:<br><br>„ Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија е должен да ја откупува топлинската енергија испорачана од производителите на топлинска енергија во дистрибутивниот систем доколку цената на топлинската енергија понудена од производителот е пониска од цената за топлинската енергија на регулираниот производител, за процент којшто секоја година го утврдува Регулаторната комисија за енергетика во одлуката за утврдување на регулиран максимален приход за дистрибуција на топлинска енергија за греење.<br>“ |
| | <u>**Забелешка на член 154, став 3**</u><br><br>Во нацрт текстот има печатна грешка, по зборовите „Договорите од ставот (2) на овој член ги одобрува ...“, потребно е да се коригира и да гласи:<br><br>**„Договорот од ставот (2) на овој член го одобрува ...“** | Прифатено (член 158). |

| | | |
|---|---|---|
| | **Забелешка на член 154, став 3**<br><br>Во нацрт текстот има печатна грешка, по зборовите „Договорите од ставот (2) на овој член ги одобрува ...“, потребно е да се коригира и да гласи:<br><br>**„Договорот од ставот (2) на овој член го одобрува ...“** | Прифатено |
| | **Забелешка на член 158 став 2:**<br><br>Сметаме дека зборот „електрична“ во првата реченица треба да се избрише, за да соодветствува на став 1 од истиот член, односно потребно е да гласи:<br><br>**„Операторите на системите за пренос и/или дистрибуција на енергија и природен гас се должни во согласност со соодветните мрежни правила да овозможат приклучување на соодветниот систем на сите крајни потрошувачи на: “** | Прифатено (член 162) |
| | Сметаме дека треба да се додаде терминот „топлинска енергија“, односно потребно е да гласи:<br><br>**„Лицата кои бараат приклучување на системот за електрична енергија, топлинска енергија и природен гас или корисниците кои бараат измена на постоен приклучок се должни да поднесат барање за приклучување на мрежата до соодветниот оператор на систем за пренос и/или дистрибуција на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас или топлинска енергија, во согласност со условите утврдени во соодветните мрежни правила. “** | Прифатено (член 170) |
| | **Забелешка на член 166 став 3:**<br><br>Сметаме дека треба да се додаде терминот „топлинска енергија“, односно потребно е да гласи:<br><br>**Операторот на системот за пренос и/или дистрибуција на електрична енергија, топлинска енергија и природен гас во соодветните мрежни правила треба да ги предвиди временските рокови во кои треба да се донесе решение за согласноста за приклучување, како и временските рокови во кои треба да биде остварено приклучувањето на мрежата.** | Прифатено (член 170) |

| | | |
|---|---|---|
| | 10. **<u>Забелешка на член 167, став 10</u>**<br>Сметаме дека треба да се додаде терминот „топлинска енергија", односно потребно е да гласи:<br>**„Заради остварување на обврската за обезбедување јавна услуга, во согласност со одредбите од овој Закон, соодветниот оператор на систем за пренос и/или дистрибуција на електрична енергија, топлинска енергија и природен гас е должен да ги одржува и да управува со објектите за електрична енергија, топлинска енергија и природен гас чиј сопственик е непознат, а кои се составен дел на соодветниот системи, согласно одредбите од член 6 овој закон."** | Прифатено. (член 171) |
| Александар Толевски | 1.Немање на обврска за откуп на ел.енергија од повластени производители на ОИЕ е ризично за пласман и атрактивност по инвестирањето во ОИЕ<br><br>2.Сертификација на инсталатери на опрема и системи треба да важи за сите, не само за оние што користат повластени тарифи и премии<br><br>Да се пропише стимулативна мерка за оние што произведуваат опрема за ОИЕ, како што е случај во Турција | Обврската за откуп на електрична енергија постои за повластените производители кои користат повластена тарифа, додека повластени производители кои користат премии самостојно бараат купувачи на пазарот<br><br>Инсталацијата на опрема и системи, за наведените технологии задолжително ја прави лиценциран инсталатер независно од тоа дали за опремата или системот се користи повластена тарифа или премија Лиценцирањето на инсталатери важи за сите<br><br>Ова прашање треба да биде предмет на политиките за економски разој |

| | | |
|---|---|---|
| Горан Милевски, пратеник | Дефиниции за деловен субјект и промена во дефиниција на домаќинство (треба да може да пласира, а не само да биде потрошувач) | Прифатено, дефиницијата за домаќинство е преработена<br>**„домаќинство"** е потрошувач приклучен на систем за дистрибуција на енергија, којшто набавува или произведува енергија за сопствена потрошувачка во домаќинството, но не и за трговски или професионални цели“ |
| Антонио, ЕЛЕМ | Обврската на ЕЛЕМ за нудење на продажба на произведената електрична енергија во преодните одредби треба да се допрецизира – на кои потреби се мисли и дали треба ЕЛЕМ да се појави на секој тендер | Прифатено, одредбата е преработена |
| Ѕвонко Марковски, Сието | 1.Лиценцирани изведувачи – дали им е потребна лиценца за инстлатери и на оние лица што имаат лиценца за изведба<br><br>2.Треба да се наведе за кои технологии ќе има повластена тарифа а за кои премија<br><br>3.Дали законски ќе се регулира што ќе се случи со неискористените 1,5 MW неизградени капацитети за фотонапонски централи | 1. Ова прашање ќе биде разгледано и уредено во правилникот за инсталатери<br>2. Ќе биде уредено во уредбата<br><br>3. Не |
| Горан Анчевски | Членовите од 163 до 18? се дестимулирачки за инвестиции<br><br>Да се размисли дали може РКЕ да биде прекршочен орган | Неразбирлива забелешка<br><br>Концептот е напуштен |
| Супер Трејд | 1.Рок за РКЕ да ја менува лиценатата за нафта и нафтени дериват да се пропише<br><br><br><br>2.Чл. 38 и 141 – набавка на нафта за сопствена потрошувачка – контрадикторни се<br><br>3.чл.234 став 3 т.16 и чл.40 – рокот за донесување на правилник треба да биде повеќе од 6 месеци за да не биде контрадилторен со рокот за донесување на правилникот за условите | 1. Прифатено во преодните одредби и во план е да се донесе соодветниот подзаконски акт.<br><br>2. Променет е членот 141<br><br>3. Правилникот за лиценци во рок од шест месеци и правилник за |

| | | |
|---|---|---|
| | | минимално технички услови во рок од 90 дена. |
| | | |
| | | |

ЕВИДЕНЦИЈА НА ДОБИЕНИ КОМЕНТАРИ И ПРЕДЛОЗИ И СТАТУС НА ИСТИТЕ

| Институција | Коментар | Одговор |
|---|---|---|
| 1. МАЦЕФ | Член 2 – во целите на законот да се дополни „создавање на еколошки сектор насочен кон општество без користење на фосилни горива“ | Делумно прифатено, бидејќи во точката 8) од овој став со поинакви зборови истата цел е наведена. |
| | Член 3 – во дефинициите во точките 96) и 140) „оператор на систем за дистрибуција на природен гас“; „систем за дистрибуција на природен гас“ ; 97), 118), 121) и 141) „оператор на систем за пренос на природен гас“; „пренос на природен гас"; „преносна мрежа за природен гас"; „систем за пренос на природен гас" и 152) „снабдувач со природен гас во краен случај“, да се дефинира еднозначно каде системот за пренос на природен гас преминува во систем за дистрибуција на природен гас. Тоа може да биде ниво на притисок во гасоводите. Сега е напишано висок притисок (колку висок?) и треба да се дефинира дали тоа е 40, 10, 4 [bar] или некоја разумна вредност. | Не се прифаќа бидејќи операторите се раздвојуваат по функција а не по напонско ниво |
| | Покрај дефиниција во точка 176) „финална потрошувачка на енергија“ да се дефинира и 176.1) “примарна потрошувачка на енергија“, бидејќи се користи тој израз. | Во текстот на законот не се споменува примарна потрошувачка на енергија. |
| | Член 3 – треба да се промени дефиницијата за домаќинство | Прифатено. Делумно е променета дефиницијата. |
| | Член 6 – да се додаде и топлинска енергија во јавна услуга | Прифатено. Владата ќе може за било која енергетска дејност да наметне обврска за јавна услуга. |
| | Член 6 - треба да се предвиди универзална услуга и за снабдување со топлинска енергија и со гас | Не е прифатено, бидејќи не е според Третиот пакет директиви / регулативи на ЕУ, кои предвидуваат обезбедување универзална услуга само кај снабдување со електрична енергија. |
| | Член 10 став (1) - да се додаде „изградба на општество без користење на фосилни горива“ | Прифатено. Додадена е нова точка 8) во овој став. |
| | Член 10 став (2) – да се додаде „во соработка со академски, научни и истражувачки институции“ | Прифатено. |

| | | |
|---|---|---|
| | Член 15 став (1) алинеја 6 - обврските предвидени со програмата за енергетска сиромаштија да се применуваат и за снабдување со гас | Прифатено. |
| | Или со посебен член во Законот во делот производители на електрична енергија или со посебна уредба да се дефинира местото на домаќинствата, како мали производители на електрична енергија. Треба да се ЗАДОЛЖИ операторот на дистрибутивната мрежа или Универзалниот снабдувач, дека МОРА да го преземе вишокот на произведена електрична енергија произведен во домаќинствата. | Делумно прифатено. Наведени се прашањата кои со подзаконски акт ќе се дорегулираат.<br>Со обврската за приоритетен пристап на трета страна кој е производител на електрична енергија од обновливи извори (член 163 став 1), на некој начин обврската за преземање на произведената електрична енергија и од малите производители – домаќинства е задоволена. Исто така и член 96 став (1) точка 4) |
| | Член 70 – од опфатот на поимот производител да се исклучат домаќинствата | Прифатено. Одредбата е допрецизирана да се однесува само на оние производители што се носители на лиценца |
| | приоритетен пристап да се додаде и за топлинска енергија | Не се прифаќа бидејќи приоритетен пристап се дава само на производители на енергија произведена од ОИЕ, а законот не познава топлинска енергија од ОИЕ |
| | **Предлог:** Сопственик на опремата од системот за мерење да биде крајниот снабдител или операторот на дистрибутивната топлификациска мрежа.<br>**Образложение:** Потребно е системите за снабдување со енергија (електрична, топлинска и природен гас) да се натпреваруваат при исти, или барем слични, конкурентски услови. Ако домаќинствата треба да<br>платат дополително за оваа опрема, за разлика во однос снабдување со природен гас, тогаш почетните услови се поповолни за системот кој не наплатува за опремата. Ако се предвидат субвенции за оваа опрема на граѓаните, тоа е делумна мерка, која може да се прекине при истрошување на фондот за субвенции. Ако домаќинствата не се сопственици на овој систем за мерење и ОДГОВОРНОСТА за одржување, | Не се прифаќа |

| | | |
|---|---|---|
| | замена, поправка е на СОПСТВЕНИКОТ. Со тоа домаќинствата се ослободуваат од дополнителни финансиски давачки и грижа за опремата од системот за мерење – било да се нови или постоечки корисници на топлификацискиот систем. | |
| | Член затворен дистрибутивен систем  став (4) во кое е пропишано изземање од ставот (2) - да се дефинира колкав е тој мал број домаќинства.<br>**Образложение:** Не е упатно да се дефинираат обврски ОПИСНО (мал-голем, висок-низок) во законската регулатива. Не треба да се остави „отворено“ дефинирање на оваа вредност, затоа што тоа ќе зависи од одлука на еден/неколку луѓе, со потенцијална можност за рекет/корупција. | Не е прифатено (член 98), бидејќи бројот не е дефиниран ниту со Директивата за електрична енергија (член 28 став 4). Ризично е да се одреди прецизен број во закон, поради можните различни ситуации во пракса. |
| | Член комбиниран оператор  - **По исклучок** од став (1) и став (1), правно лице може да функционира како комбиниран оператор на системи за пренос и дистрибуција на природен гас, на кој може да му се издадат лиценци за пренос и дистрибуција на природен гас согласно овој Закон.<br>**Предлог:** Потребно е да се дефинира која е ситуацијата која доведува да се прифати еден систем да биде исклучок. Или да отпадне овој член!<br>**Образложение:** Не е упатно да се дефинираат обврски ОПИСНО (мал-голем, висок-низок) во законската регулатива. Не треба да се остави “отворено“ дефинирање на оваа вредност, затоа што тоа ќе зависи од одлука на еден/неколку луѓе, со потенцијална можност за рекет/корупција. Мора да се каже што е ИСКЛУЧОК. На пример – во Член 157 е дефинирано кога е тоа исклучок за топлификациски систем.<br>Со претходните членови детално се разработува разграничувањето на гасификацискиот систем, а после тоа, без никакво образложение за потребата од овој член, тој ги елиминира посебните надлежности на преносниот и дистрибутивниот оператор. | Не е прифатено (член 135) , бидејќи е преземена одредба од член 29 од Директивата 2009/73/ЕУ. |

| | | |
|---|---|---|
| | Член Квалитет - (1) Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството, донесува уредба за квалитетот на течните горива, која што особено го содржи следново:<br>**Предлог:** (1) Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството, донесува уредба за квалитетот на течните горива, и **течен нафтен гас** која што особено го содржи следново: .......<br>**Образложение:** На пазарот со суровини постои знатна неусогласеност меѓу квалитетот на ТНГ од разни трговци. Добро е да се уедначи, во интерес на потрошувачите. | Не е прифатено (член 150), бидејќи во течните горива е вклучен и течниот нафтен гас, а и во Уредбата за квалитет на течни горива е вклучен течниот нафтен гас. |
| | Член обврска за пристап и приклучување - Операторот на системот за пренос и/или дистрибуција на електрична енергија и природен гас е должен, во согласност со соодветните мрежни правила и правилата за снабдување, на постојните и новите корисници на системот да им овозможи пристап на соодветната мрежа за пренос или дистрибуција:<br>**Предлог:** (1) Операторот на системот за пренос и/или дистрибуција на електрична енергија, природен гас и топлинска енергија е должен, во согласност со соодветните мрежни правила и правилата за снабдување, на постојните и новите корисници на системот да им овозможи пристап на соодветната мрежа за пренос или дистрибуција: ......<br>**Образложение:** Истите услови и обврски треба да важат и за топлификација. | Прифатено (член 169 став (1). |
| | Член 169 - Стратегија за ОИЕ се носи на 5 години, а Акцискиот план покрива период од 10 години. Не е природно периодот на примена на нов Акциски план да е подолг од перидото за кој се изработува Стратегијата за ОИЕ. | Променет е пристапот. Напуштена е обврската за изработка на Стратегија за ОИЕ. Останува Акцискиот План. |
| | Член 197 став (5) точка 19) – ракување со уредите за сушење на топлотниот ефект.<br>**Предлог:** Да се корегира смислата на оваа реченица! | Прифатено (член 199 став (9) точка 19). |

| | | |
|---|---|---|
| | Сертификацијата на инсталатери треба да ги опфаќа и малите ветерници. | Одфредбата е согласно барањата од Директивата. |
| | Во Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија'' број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14), во членот 134 став (2) точка 3) се брише. Со кои се предвидува обврските за енергетски контроли да отпочнат да се применуваат со денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија“ | Не е прифатено, бидејќи овој закон не ја уредува материјата на енергетска ефикасност која ќе биде предмет на уредување на посебен закон во кој може да се вградат предлозите. |
| | | |
| 4. ЕВН | Член 3, став (1) точка 16): ***<u>Предлог</u>:*** Дефиницијата за виртуелен генератор сметаме дека треба да се доработи. ***Објаснување:*** Во дефиницијата за виртуелен генератор е наведено дека виртуелниот генератор претставува систем кој интегрира неколку дистрибуирани (децентрализирани) производители на електрична енергија, со што се овозможува тие да се управуваат централизирано и да се третираат како една електрана, со цел да се обезбедат услови за нивно учество на пазарот на електрична енергија. Сметаме дека виртуелниот генератор неможе да биде систем туку правно лице или веќе носител на лиценца за вршење на одредена енергетска дејност на кого ќе му се наложи да биде ваков виртуелен генератор или некој ќе пројави интерес да биде виртуелен генератор. Овие работи треба да се доуредат во законот | Дефиницијата е избришана од законот. |
| | Член 3, став (1) точка 147): ***<u>Предлог</u>:*** Во точката 147) дефиницијата за снабдување со електрична енергија се менува и гласи: | Прифатено. Точка 63– (дефиниција) **„снабдување со енергија“** е продажба на енергија на потрошувачите, а може да вклучи и трговија со енергија |

| | | |
|---|---|---|
| | *“Снабдување со електрична енергија е продажба на електрична енергија на крајни потрошувачи, вклучувајќи и препродажба на електрична енергија на крајните купувачи на електрична енергија.“*<br><br>***Објаснување:*** Предложената дефиниција е во согласност со дефиницијата број 19 од членот 2 од Директивата 72/2009/ЕС според кој снабдување со електрична енергија значи продажба, вклучувајќи и препродажба на потрошувачите. Дополнително потрошувач е дефиниран во точка 7 од истиот член од предметната Директива и значи потрошувач на големо или краен потрошувач на електрична енергија. Одтука произлегуав дека снабдувачот не врши само продажба на електрична енергија на крајни потрошувачи туку и на други снабдувачи, трговци, итн | |
| | Член 15, став (1) точка 4): ***<u>Предлог</u>:*** Точата 4) да се брише<br><br>***Објаснување:*** Во точката 4) од ставо (1) од членот 15 е наведено дека во акцискиот план за намалување на енергетската сиромаштија е уредено дека меѓу другото се уредуваат и мерките што ги преземаат операторите на системите за дистирбуција на енергија. Во останатите одредби од законот не е уредено каква улога ќе има операторот на електродистрибутивниот систем поврзан со намалување на енергетската сиромаштија што отвара простор за непредвидливост во имплементација на оваа одредба а што не е во согласност со начелата на европското законодавство | Не е прифатен коментарот, бидејќи може да се преземат мерки како на пример при-пејд броила или неисклучување од струја на одредени ранливи категории на потрошувачи. |
| | Член 24, став (1) точка 2) алинеја 11: ***<u>Предлог</u>:*** Во ставот (1) точка 2) алинејата 11 да се избрише.<br><br>***Објаснување:*** Од практични причини, се предлага да не се одобруваат планови за набавка на електрична енергија за | Не е прифатено, бидејќи преку одобрување на плановите за набавка се следи остварувањет на приходите на праторот, односно овие набавки да не се вршат за трговски цели. |

| | | |
|---|---|---|
| | покривање на загубите во системите за пренос и дистрибуција поради тоа што уредено е дека се одобруваат правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во кои се наведени условите и критериумот за избор на најдобри понудувачи | |
| | Член 28, став (2): ***<u>Предлог</u>:*** Во ставот (2) зборовите "кои се снабдуваат преку снабдувачи со електрична енергија или природен гас во краен случај" треба да се избришат. ***Објаснување:*** Ваквиот предлог произлегуива од концептот на нацрт текстот на предлог законот според кој регулиран снабдувач е снабдувачот кој има обврска да обезбедува снабдување со електрична енергија како универзална услуга. Снабдувачот со електрична енергија во краен случај не е регулиран, односно во членот 98 став (6) е уредено дека продава електрична енергија на пазарот по пазарни цени. Одтука произлегува дека за снабдувањето преку овој снабдувач не е потребен тарифен систем за продажба на електрична енергија. | Потребен е тарифен систем заради утврдување на категорија на потрошувач и категоризирање на приклучното место. |
| | Член 30, став (2), точка 3): ***<u>Предлог</u>:*** да се избрише. ***Објаснување:*** Бришењето на точка 3) се предлага поради тоа што согласно нацрт текстот на предлог законот се предвидува носење на посебен Правилник за обештетување на потрошувачите и производителите од страна на Регулаторната комисија за енергетика и не е потребно истото да биде дел и од Правилата за снабдување со електрична енергија | Прифатено. |

| | | |
|---|---|---|
| | Во **Член 32:** ***Предлог:*** По ставот (6) да се додаде став (7) кој гласи: *„Против актите на Регулаторната комисија за енергетика може да се поднесе тужба до Управниот суд од страна на вршителите на енергетски дејности и/или од било која друга страна во постапките.”* ***Објаснување:*** И покрај фактот што Регулаторната комисија за енергетика го применува Законот за општа управна постапка и соодветна одредба е составен дел од актите на Регулаторната комисија за енергетика, во пракса Управниот суд ги отфрла тужбите поднесени од страна на ЕВН со образложение дека не може да биде странка во односните постапки, т.е. судот го смета ЕВН како орган во прва инстанца и мора да постапи согласно одлуките на Регулаторната комисија за енергетика, што е во спротивност со член 37, точка 16 и 17 од Директивата 2009/72/ЕС. | Прифатено. |
| | Во **Член 38 став (2) точка 2):** ***Предлог:*** Да се регулира во законот. ***Објаснување:*** Во членот 38 во ставот (2) точка 2) е уредено дека лиценца не е потребна за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија наменето за сопствена потрошувачка, при што вишокот на произведената енергија се предава во електродистрибутивна мрежа под услови и на начин определени во согласност со овој закон. Во нацрт текстот на предлог законот не се уредени ниту начинот ниту условите на предавање на вишокот на произведената електрична енергија во електродистрибутивната мрежа. Сметаме дека треба да во законот треба да бидат утврдени условите, правата и обврските, односно должностите, на сите засегнати страни уште повеќе доколку има исплти за одредени услуги. Условите се од | Прифатено. Наведено е во член 96 став (1) точка 4) дека овие прашања ќе бидат регулирани со мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија. |

| | | |
|---|---|---|
| | техничка и комерцијална природа. | |
| | Во **Член 77 став (6) точка 1) и точка 2):** ***<u>Предлог</u>:*** точките 1) и 2) да се бришат:<br><br>***Објаснување:*** Се предлага точките 1) и 2) да се бришат затоа што истите се повторуваат во точка 4) односно во точка 6) од ставот (6). | Прифатено (член 79 Правила за балансирање). |
| | Во **Член 84 став (9):** ***<u>Предлог</u>:*** По зборовите "одлучи дел" да се додадат зборовите "или целосно".***Објаснување:*** Сметаме дека вака како што е напишано значи дека Регулаторната комисија за енергетика може (а и не мора) само дел (не и целите) од преостанатите приходи остварени од користењето на интерконективните водови, да ги прикаже како дел од приходот во постапката за цена. | Прифатено (член 86 став (9)). |
| | **Член 91, став (2):** ***<u>Предлог</u>:*** Ставот (2) да се измени и да гласи:<br><br>*"Операторот на електродистрибутивниот систем е должен секоја година да подготви план за развој на системот за период од следните 5 години во кој, согласно барањата утврдени во мрежните правила за дистрибуција, треба да бидат содржани потребните информации за развојот на електродистирбутивниот систем. Операторот на електродистрибутивниот систем го доставува планот за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика* | Прифатено (член 94 став (2). |

| | | |
|---|---|---|
| | *најдоцна до 31-ви октомври секоја календарска година и по добиеното одобрување, го усвојува планот и го објавува на својата веб страница.“* ***Објаснување:*** Сметаме дека е подобро да стои развој на електродистрибутивен систем (или инвестициони планови), отколку проширување и надградба, бидејќи освен директни инвестиции во мрежата суштински се и инвестиции во мерни уреди и други модерни технологии кои исто така се од големо занчење за корисниците. Дистрибутивната мрежа содржи многу повеќе елементи од преносната мрежа. Дополнително промената и развојот се многу подинамични и непредведливи. Затоа предлагаме плановите да бидат изработени за 5 години што исто така е многу поконзистентно со регулираниот период споменат во став (3). Од оваа причина, како и од досегашното искуство во моментов во ЕВН се изработуваат, 1-годишна инвестициона програма (во најголем дел е детално за сите предвидени проекти освен за низок напон), потоа 5-годишни планови (исто така со голем број на детали и по проекти освен за низок напон) и Мастер 20 годишен план (доста генерален и не е детален). Ако се налага 10 годишен план истиот нема да може да содржи детали и проекти кои би биле интересни и разбирливи за корисниците туку би бил од општа природа. 5-годишни планови е пракса и кај најголем број оператори на дистрибутивни системи за кои располагаме со податоци. | |
| | Во **Член 93 став (1):** ***<u>Предлог:</u>*** По точката 2) да се додаде нова точка 3) која ќе гласи: “3) техничко-технолошките услови, начинот за приклучување и начинот на користење и пристап на електродистрибутивниот систем од корисниците кои | Прифатено (член 91 став (1) точка 4). |

| | | |
|---|---|---|
| | произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија за сопствена потрошувачка, при што вишокот на произведената енергија се предава во електродистрибутивна мрежа под услови и на начин определени во согласност со овој закон.*“* Точките од 3) до 15) стануваат толку од 4) до 16) соодветно. ***Објаснување:*** Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија мора да содржат вакви услови за потрошувачи со производна постројка со цел да се пропишат минимални барања за обезбедување на безбедноста во управувањето со дистрибутивниот систем. Пропишување на вакви услови постои и во други земји | |
| | Во **Член 96 став (1):** ***<u>Предлог</u>:*** Во ставот (1) зборовите “и за секоја таква продажба е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика“ да се бришат. ***Објаснување:*** Сметаме дека ваквите известувања претставуваат административен терет затоа што доколку станува забор за продажба на дневниот пазар тешко се спроведува ваквата обврска | Не се прифаќа бидејќи доставувањето на известувањето не е голема административна обврска, а Регулаторната Комисија за енергетика треба да го има овој податок. |
| | **Член 97 став (1):** ***<u>Предлог</u>:*** Ставот (1) од член 97 се менува и гласи: *“Снабдувачот со електрична енергија купува електрична енергија во Република Македонија и/или од странство заради продажба на крајните потрошувачи, други снабдувачи, трговци и операторите на електропреносниот или електродистрибутивниот систем“.* ***Објаснување:*** Предложените измени се во согласност со принципите на Директивата 72/2009/ЕС според што снабдувачите покрај тоа што вршат продажба на крајните потрошувачи, вршат и препродажба на останати снабдувачи и трговци. Со ова се дава | Прифатено (член 100 став (1)). |

| | | |
|---|---|---|
| | можност, како што е и до сега, да ги продадат вишоците, како и да докупат електрична енергија и од други снабдувачи трговци и со тоа да го оптимизираат своето портфолио. | |
| | Во **Член 98 став (2) точка 3):** ***<u>Предлог</u>:*** Зборот "производството" да се замени со зборот "купувањето". ***Објаснување:*** Со оглед дека производството не е повеќе регулирана дејност не се утврдуваат трошоците за производство и при тоа неможат да се одразат во цените што ги наплаќа снабдувачот со електрична енергија како универзална услуга. Поради тоа треба да бидат земени во предвид трошоците за купување односно набавка на електрична енергија. | Прифатено (член 101). |
| | Во **Член 99 став (2):** ***<u>Предлог</u>:*** Во ставот (2) да се дефинира зборот "навремено". ***Објаснување:*** Во ставот (2) е наведено дека снабдувачот на електрична енергија кој не е способен да врши снабдување со електрична енергија на своите крајни потрошувачи, во случаите наведени во точките 1) и 2) од став (1) на овој член, е должен навремено да го извести снабдувачот со електрична енергија во краен случај, своите крајни потрошувачи, Регулаторната комисија за енергетика, операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем за денот кога прекинува со снабдувањето со електрична енергија. Во таков случај крајниот потрошувач автоматски се снабдува преку снабдувачот со електрична енергија во краен случај. Во овој став навременото информирање е преопшто дефинирано. Временскиот рок да се | Прифатено. Рокот ќе биде утврден во правилата за снабдување со електрична енергија (член 102 став (3). |

| | | |
|---|---|---|
| | дефинирано во законот или евентуално да се предвиди во Правилата за снабдување со електрична енергија. | |
| | Во **Член 99:** ***<u>Предлог</u>:*** По став (3) да се предвиди нов став (4) во кој ќе се регулира начинот на известување во случај кога потрошувачите не склучиле нов договор за снабдување со електрична енергија по престанување или истекување на постојниот договор за снабдување. ***Објаснување:*** Во Член 99 исто така не е предвидено известување во случај кога истече договор со еден снабдувач а не се склучи нов со друг снабдувач, став (1), точка 4). Како снабдувачот во краен случај со електрична енергија ќе знае дека му е отпочната обврската? За сите други точки, од 1) до 3) е предвидено известување | Прифатено. Додаден е нов став, а рокот ќе се утврди со правилата за снабдување со електрична енергија (член 102). |
| | Прашањето се однесува на член 98 став (10) во однос на обврската за формирање на ново правно лице кое ќе биде универзален снабдувач. | Потврден е одговорот дека ЕВН добро го разбрал концептот (член 101 став (9)). |
| | Во **Член 100 став (2) и став (3):** ***<u>Предлог</u>:*** Во став (2) зборовите "на електрична енергија во краен случај" да се заменат со зборовите "кој има обврска да обезбеди снабдување со електрична енергија како универзална услуга". Ставот (3) да се преуреди затоа што не е јасен. ***Објаснување:*** Согласно концептот на нацрт текстот на предлог законот, снабдувачот со електрична енергија во краен случај не снабдува мали потрошувачи и домаќинства. Ставот (3) сметаме дека треба да се преработи за да биде јасен. Се спомнуваат потрошувачи на | Прифатено. Преработено (член 102). |

| | | |
|---|---|---|
| | големо, средство за идентификација, правила за порамнување, и др.Прилично е нејасно што треба да содржат податоците | |
| | Во **Член 103 став (7):** ***<u>Предлог:</u>*** Во ставот (7) да се бришат зборовите "од денот кога крајниот потрошувач на електрична енергија го известил за својата намера постојниот знабдувач на електрична енергија" ***Објаснување:*** На овој начин се обезбедува усогласеност со директивите и се остава простор за реализација на обврските од страна на ОДС, во инетерс на функционалноста на пазарот. | Не е прифатено. Ако веќе има рок како што е пропишано и во Директивата, тогаш мора да се определи во законот и моментот (денот) од кога почнува сметањето на рокот. Овој став е бришан но обврската стои во член 100 став (5) точка 6). |
| | Одредбата од член 161 став (6) се повторува и во наредниот член. | Прифатено (член 164). Ставот (6) е избришан. |
| | Во **Член 167 став (6):** ***<u>Предлог:</u>*** Во ставот (6) по зборовите "системот" да се додадат зборовите "или на вертикално интегрираното претпријатие".<br><br>***Објаснување:*** Да се појасни дека новите приклучоци можат да бидат во сопственост на операторот на електродистрибутивниот систем, или на вертикално интегрираното претпријатие кое е основач на операторот на електродистрибутивниот систем . Оваа одредба беше наменски донесена и е од значење за функционирањето на моделот на правно раздвојување на ОДС | Не е прифатено. Договорот се склучува со операторот на електродистрибутивниот систем кој има посебен правен субјективитет (член 171 став (6) |
| | Во **Член 189:** ***<u>Предлог:</u>*** Насловот на членот да гласи "Обврски на повластениот производител кој користи повластена тарифа | Прифатено . |

| | | |
|---|---|---|
| | Во **Член 198 став (6) и став (7):**<br><br>***<u>Предлог:</u>*** Во ставот (6) и ставот (7) да се избришат зборовите “Правила за снабдување со електрична енергија и“.<br>***Објаснување:*** Согласно овој закон квалитетот на електричната енергија се регулира во мрежните правила а не во правилата за снабдување со електрична енергија | Прифатено (член 201). |
| | **Во член 216** став (12) Доколку прекршокот од став (1) на овој член е сторен од носител на лиценца, кој врши регулирана дејност од **Error! Reference source not found.** на овој закон, покрај глобата за сторениот прекршок утврден со овој закон, ~~ќе~~ може да му се изрече и парична казна во висина до 5 % од вкупниот годишен приход на носителот на лиценца според податоци од Централниот регистар на Република Македонија...<br><br>***Објаснување:*** Изрекувањето и на парична казна да не биде задолжително, туку да биде дадено како можност. | Делот со кој се регулираат прекршоците е целосно преработен. Точно се утврдени прекршоците за кои следува глоба во износ од 2% од вкупниот годишен приход од причина што повисока глоба од оваа не е дозволена согласно Законот за прекршоци. |
| | **Во Член 222 став (1):** ***<u>Предлог:</u>*** Во ставот (1) по зборот “ако“ да се дададат зборовите “во согласност со важечките прописи“.<br><br>***Објаснување:*** Ова е потребно затоа што во прописите постојат и исклучоци кога определена обврска на ОДС може да не се исполни. Истото може да се примени и во член 219, 220, 221, 223, 229. | Не е прифатено, бидејќи наведените прекршоци се однесуваат на неисполнување на обврски јасно утврдени во овој закон. |

| | | |
|---|---|---|
| | Во Член 234 став (3) точка 7): ***<u>Предлог:</u>*** Точката 7) од ставот (3) да се брише.<br><br>***Објаснување:*** Согласно концептот за законот снабдувачот со електрична енергија во краен случај снабдува по пазарни цени и поради тоа за него не е потребен тарифен систем за продажба на електрична енергија. | Не се прифаќа. Потребен е тарифен систем заради утврдување на категорија на потрошувач и категоризирање на приклучното место. |
| | Во Член 234 став (12) ***<u>Предлог:</u>*** Во членот 235 да се уреди кои акти продолжуваат да важат а се однесуваат на примена на одредбите од пазарот на електрична енергија. ***Објаснување:*** Ваквиот предлог е од причина што согласно постојните подзаконски акти, како што се Правилата за пазар на електрична енергија е уредена динамиката за отварање на пазарот на електрична енергија согласно постојниот Закон за енергетика. Од тука произлегуваат прашања кои се поврзани со имплементацијата, односно обврските на ОДС најдоцна до 30 април 2018 година за објавување на листа на мали потрошувачи со потрошувачка на електрична енергија во 2017 година над 100 MWh. | Предвидено во член 236 став (11) - До донесувањето на прописите и одобрувањето на актите наведени во овој член ќе се применуваат прописите, правилата и актите донесени, односно одобрени во согласност со Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2011, 136/2011, 79/2013, 164/2013, 41/2014, 151/2014, 33/2015, 192/2015, 215/2015, 6/2016, 53/2016 и 189/2016). |
| | Во Член 235 став (3): ***<u>Предлог:</u>*** Во ставот (3) бројот “133“ да се замени со бројот “103“.<br><br>Во ставот (3) зборовите “изборот на снабдувач со обврска за универзална услуга и снабдувач во краен случај“ да се заменат зборовите “утврдување на цена на снабдувачот со електрична | Прифатено<br><br>Не е прифатено, бидејќи цената за универзалниот снабдувач се утврдува на тендерот, а електричната енергија ќе се продава |

| | | |
|---|---|---|
| | енергија со обврска за универзална услуга и издавање на лиценца на снабдувачот во краен случај со електрична енергија.“<br><br>*Објаснување:* Изборот на снабдувач со електрична енергија со обврска за универзална услуга не значи дека одма може да почне да врши дејност затоа што следува издавање на лиценца за вршење на дејност, набавка на електрична енергија и утврдување на цена. Што се однесува до снабдувачот со електрична енергија во краен случај потребно е по изборот да извади лиценца за вршење на дејност. | според тарифен систем. Во процесот на избор на универзален снабдувач ќе се изврши синхронизација со постапката за издавање на лиценца |
| МХЕ | Во текстот на целиот закон преголем дел од регулацијата на дистрибутивните мрежи за електрична енергија се остава на Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија. Со ова се дава многу голема моќ и влијание на Операторот на дистрибутивниот систем на електрична енергија при одредувањето на условите за приклучување на системот, користење на системот од трети страни, техничко-технолошките услови за работа на објектите за производство на електрична енергија во режим на работа со привремена лиценца, планирањето, одржувањето и развојот на електродистрибутивниот систем како и сите останати работи кои ги регулираат мрежните правила.<br>Потребно е во членот 93 став (1) да се додаде дека мрежните правила особено ќе ги уредуваат и условите за приклучување на производители на електрична енергија.<br><br>Во членот 93 став (1) точка 4 бараме да се нагласи дека ОДС не смее да ги одредува условите за приклучување на производители на електрична енергија, доколку | Прифатено.<br><br>Во член 96 додадена е нова точка 2 (за регулирање на приклучоците) и нова точка 5 (за стандардите на опремата за приклучување). |

| | | |
|---|---|---|
| | производителите опремата во постројките за производство ја имаат инсталирано согласно меѓународно прифатените стандарди опрема и нејзино инсталирање.<br><br>Мрежните правила треба да бидат донесени во транспарентна постапка во која ќе бидат вклучени претставници на сите корисници на системот. Ова го бараме поради фактот дека сите корисници на системот директно зависат од квалитетот на услугите кои ги нуди Операторот.<br><br>Исто така, сметаме дека одредбата во член 93, согласно која мрежните правила не треба да бидат донесени од страна на операторот, по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика треба да биде изменета. Регулаторот треба да има можност да му наложи на Операторот да измени или вметне во мрежните правила одредени одредби, а доколку Операторот не го стори тоа во рок од 30 дена, Регулаторот, во рок од 15 дена да може со одлука самиот да внесе или измени одредби од мрежните правила. | Во член 24 додаден е нов став (2) со кој се регулира прашањето на ефектот на одобрување на правилата од РКЕ. |
| | Во членот 42 потребно е да се избрише ставот 2 и да се додаде нов член после членот 43 во кој ќе се образложи постапката за влегување во сила на Привремената лиценца, начинот на кој Привремената лиценца станува Лиценца за вршење енергетска дејност. | Прифатено, Додаден е нов член 44 за лиценци. |
| | Во ставот 2 од член 43 е наведено дека начинот и условите за времено приклучување на преносната, односно дистрибутивната мрежа, како и работењето на енергетските објекти со лиценца за пробна работа се уредуваат со соодветните мрежни правила. Како што претходно наведовме, во ваквите случаи бараме да важат соодветните закони и | Ова прашање дополнително се уредува со правилникот за лиценци. |

| | | |
|---|---|---|
| | стандарди кои се на сила во РМ, а не мрежни правила кои се однесуваат на соодветниот систем за пренос или дистрибуција на електрична енергија.<br>Во ставот 3 потребно е да се додаде можноста за понатамошно продолжување на лиценцата за пробна работа во случај на непостапување на државни органи поради што инвеститорот не е во можност да добие одобрение за употреба. | Не е прифатено, бидејќи во тој случај инвеститорот би требало да ги приложи сите докази до РКЕ за непостапувањето на соодветниот надлежен орган и врз основа на тоа РКЕ треба да одлучи дали ќе ја продолжи лиценцата |
| | Во членот 49 став (1) точка 2 да се избрише зборот „прописи“ и истата да гласи:<br>„ 2) не ја врши дејноста за која е издадена лиценцата на начин и под услови пропишани со овој Закон и други закони;“ | Прифатено (член 50). |
| | Во член 90 став (2) да се додаде можноста оператор на дистрибутивен систем да може да биде поврзан на преносниот систем посредно, преку други дистрибутивен систем.<br>Точка 3 од ставот (3) да се дополни со зборовите: „во економско-технички оптималните точки“ и точката 3 да гласи:<br>„3. Да ги приклучи производителите и крајните потрошувачи на дистрибутивниот систем со кој управува во економско-технички оптималните точки, како и да овозможи пристап на трети страни за користење на дистрибутивниот систем“. | Уредено е со прашањето на затворен дистрибутивен систем<br><br>Прифатено. (член 93) Дополнета е точката 3) од ставот (3). |
| | Во членот 92 да се додаде обврска за ОДС да ги доставува мерењата за производството на дистрибуираните производители најдоцна до петтиот ден од месецот за претходниот месец. | Не е прифатено, бидејќи ова прашање е регулирано со мрежни правила и не е проблем во пракса што треба со закон да се адресира. |

| | | |
|---|---|---|
| | Точка 4 од став (1) од член 93 да биде избирашана.<br>Во истиот став да се додаде нова точка која ќе гласи:<br>„Приклучоците на дистрибуираните производители на електрична енергија“. | Делумно прифатено (член 96). Останува да се регулираат условите, но за издавање на лиценца за пробна работа. |
| | Во законот да се внесе обврска за операторите на преносните и дистрибутивни системи за електрична енергија самите да прават прилагодување и реконструкција на мрежата кога е потребно приклучување на нови корисници, особено кога се работи за производители на електрична енергија. Доколку оваа обврска не постои во законот, ќе продолжи да се повторува сегашната пракса на операторот да бара новите корисници, а особено ако се работи за производители, самите да ги поднесат трошоците за прилагодување и реконструкција на мрежата, а тоа ги прави и самите инвестиции прескапи и неисплатливи. | Прифатено во член 171 |
| | Во членот 160 став (2) да се додаде дека обврската важи и за операторите на системите за дистрибуција на електрична енергија. | Прифатено (член 163). |
| | Во член 165 став (1) да се додаде дека Правилата за приклучување треба да ги земат предвид последиците од приклучувањето кои ќе ги претрпат другите корисници на мрежата, местото на приклучување во постројките, објектите и уредите за кои се бара приклучување и видот на потребната инсталација за приклучување на мрежата на објетивен, транспарентен и недискриминаторски начин. | Прифатено (член 169). |

| | | |
|---|---|---|
| | Бараме да се избрише обврската за корисниците на повластена тарифа за производство на електрична енергија, од член 189 став (1) точка 2, согласно која корисникот треба да доставува планови за производство на електрична енергија до операторот на пазарот на електрична енергија. | Прифатено |
| | Сметаме дека е потребно планираните прекини во преносната и дистрибутивната мрежа да бидат претходно договорени со производителите на електрична енергија на годишно ниво. Откако планираните прекини ќе бидат договорени, потребно е да биде изготвен годишен план кој ќе биде одобрен од регулаторот. | **Начинот на усогласување со корисниците на електродистрибутивниот систем во случај на планирани прекини ќе биде уреден со мрежните правила за дистрибуција (член 96 точка 8)** |
| | Во членот 165 став (2) да се избришат зборовите „или надградба на постоечки приклучок, како и учество во трошоците за создавање технички услови во системот за приклучување на нови корисници„. ОДС е должен на своја сметка да ги врши овие работи, и тие трошоци не треба да му бидат надоместени од страна на новиот корисник.<br>Во истиот член, во ставот (5) да се додаде нова точка 3 која ќе гласи:<br>„3. Доколку се работи за мали хидроелектрични централи со инсталирана моќност помала од 3MW. | Делумно прифатено. Член 169 став 2. Надоместокот за измена на енергетските параметри дефинирани во согласноста за приклучување на постоечки корисник, го плаќа корисникот и се состои од надоместок за изградба на приклучок или надградба на постоечкиот приклучок, како и учество во трошоците за создавање технички услови во системот за приклучување на нови корисници или зголемување на капацитетот на постојни приклучоци. Оваа вредност која што ја примил ОДС се пријавува кај Регулаторната Комисија за енергетика и истата не се засметува во вкупните трошоци на ОДС при утврдување на тарифата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Предлогот за додавање на нова точка не се прифаќа, бидејќи веќе во точка 1) е опфатено ова барање за сите производители на електрична енергија од ОИЕ. |
| | Во членот 166 бараме да се воведе рок во кој операторот на системот е должен да го изгради приклучокот за новиот корисник. Досегашната пракса покажува дека операторот на дистрибутивниот систем не секогаш се придржува кон договорените рокови за изградба на приклучоците, а со тоа инвеститорите трпат големи финансиски штети. | Не е прифатено, бидејќи веќе стои дека во решението ќе биде определен рок кој не може да се предвиди во закон или мрежни правила затоа што изведбата на приклучокот е различна од случај до случај. |
| | Во ставот 2 од член 167 им се дава можност на корисниците, доколку се работи за поврзување на еден корисник, врз основа на добиено одобрение од страна на операторот, самите да го изградат приклучокот во согласност со мрежните правила. Би сакале да напомeнеме дека во Р.М. нови објекти се градат врз основа на добиено одобрение за градење согласно Законот за градење. Ваквите одредби треба да бидат исфрлени од законот за енергетика бидејќи ги поставуваат мрежните превила над Законот за градење. Понатаму, во истиот член бараме да се избрише ставот 3. Повторно напоменуваме, условите и начинот на градење се уредени со Законот за градење и тие не ги утврдува операторот на системот.<br>Во ставот 5 потребно е да се наведе дека корисникот ќе плати само за капацитетот што се однесува на неговото барање за приклучување.<br>Во ставот 6 бараме да се додаде обврска на соодветниот оператор да му плати надомест на корисникот кој го изградил приклучокот и без надомест му ја пренел сопственоста на | Не се прифаќа затоа што ОДС мора да има контрола на начинот на градење на изолираните приклучоци со цел да се зачува техничкиот интегритет на електродистрибутивниот систем.<br>Се уредува со мрежните правила. |

| | | |
|---|---|---|
| | операторот, доколку операторот во иднина приклучи други корисници на тој приклучок.<br><br>Во ставот 7 од истиот член му се дава обврска на корисникот доколку го задржи приклучокот во негова сопственост да му овозможи на операторот да управува со приклучокот. Тука треба да се дообјасни дека операторот ќе го управува приклучокот само на неговиот крај. Во истиот став, на корисникот му се дава обврска да обезбеди одржување на приклучокот според критериумите дефинирани во соодветните мрежни правила. Повторно напоменуваме, одржувањето треба да се спроведува согласно меѓународно прифатените стандарди, а не согласно мрежни правила донесени од оператор.<br><br>Во членот 168 потребно е да се додаде дека дел од стратегијата за обновливи извори на енергија ќе биде и реконструкцијата на дистрибутивната и преносната мрежа за полесно определување на локациите за изградба на постројки за производство на електрична енергија од обновливи извори. Исто така во овој член бараме да се воведе дека дел од стратегијата ќе бидат и олеснување и забрзување на постапките за изградба на постројки за производство на енергија од обновливи извори. Сметаме дека во изработката на стратегијата треба да учествуваат и претставници на инвеститорите во обновливи извори на енергија. | Прецизно се уредува со мрежни правила.<br><br>Бришана е одредбата со која беше уредено прашањето за донесување на Стратегија за ОИЕ.. |
| | Во членот 186, став (1), точка 1 бараме да се додаде исклучок, односно, договорот за користење на премија да не биде раскинат доколку поради непостапување на институциите на | Ова прашање треба да биде уредено со тендерските услови и договорот. |

| | | |
|---|---|---|
| | инвеститорот му е пролонгиран рокот во кој треба да биде изградена електраната. | |

| | | |
|---|---|---|
| БУНАР ПЕТРОЛ | Во врска со предложениот Закон за Енергетка која е во функција на либерализација на енергетската дејност, како што и Вие самите кажувате, би сакал да Ве упатам на некои не логичности кои се повторуваат и во овој закон како што беа направени и во претходниот Закон за Енергетика од 2014година.<br><br>Имено, се рабори се работи Чл.3 ст.171 и ст.172 од ЗЕ каде сега стои :<br><br>(171)**„трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива, и горива за транспорт“** е купување на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива, и/или горива за транспорт во Република Македонија или во странство заради натамошна продажба на трговци, преработувачи или крајни потрошувачи во Република Македонија и странство,<br><br>(172)**„трговија на мало со нафтени деривати и горива за транспорт“** е купување направено од страна на трговци во Република Македонија на нафтени деривати и горива за транспорт, од производители и трговци на големо со горива, заради натамошна продажба на крајни потрошувачите во Република Македонија,<br><br>Во овие два става е видно дека на трговците на мало т.е бензинките пумпи, им се прави голема неправда:<br><br>**1.не им е овозможен ниту увоз за сопствени потреби (што порано беше возможно), им се ограничува набавката само преку големите трговци и**<br><br>**2. не им се дозволува продажба на други економски оператори него само на крајните потрошувачи.**<br><br>Од друга пак страна трговците на големо се позитивно дискриминирани:<br><br>**1.набавуваат од секаде и од увоз,**<br><br>**2. им продават на секого, дури и ка крајните потрошувачи, со што се ставаат во улога да им конкурираат и нивните купувачи, т.е бензинските пумпи.** | Дефинициите се избришани, Трговија на мало се врши на бензиски станици, а доколку трговецот на мало сака да продава на други оператори законот не поредвидува пречка истиот да се регистрира како трговец на големо. |

| | | |
|---|---|---|
| Зора Каралиева | Во нацрт Законот за енергетика , енергетската ефикасност е спомената само во членот 237. Бидејќи нема најава, ниту пак е | Сите прашања кои се однесуваат на енергетската ефикасност ќе бидат уредени со посебен Закон за енергетска ефикасност, чија |

| | | |
|---|---|---|
| | некаде објавен посебен нацрт Закон за Енергетска ефикасност со кој би се уредиле работите од оваа област, добро е во новиот Закон да остане поглавјето XI од Законот за енергетика од 10.02.2011год.(без подоцнежните измени и дополни), со кое беа уредени работите од енергетската ефикасност. Во Законот може само временски да биде ограничена важноста на ова поглавје до донесувањето на нов Закон за Енергетска ефикасност ( во случај тоа да потрае, да има законска покриеност на правата и обврските по Законот). | изработка е во тек, а до тогаш ќе важат одредбите од постојиот закон |

| | | |
|---|---|---|
| Здружение на лиценцирани енергетски контрлори ЗЛЕК – Скопје | Бришење на точка 3 од став 2 од Член 134 според која лицата од јавниот сектор беа должни да обезбедат енергетски контроли, еднаш во три години, на зградите или градежните единици во кои ја вршат дејноста; | Сите прашања што се однесуваат на енергетската ефикасност ќе бидат уредени со посебен закон за енргетска ефикасност, кој е во процес на изработка. |
| | Одложување на обврските од точка 4 и 7 од став 2 од Член 134 (според кои лицата од јавниот сектор беа должни да обезбедат Сертификати за енергетски карактеристики на згради за згради или градежни единици во сопственост на лица од јавен сектор) до влегување на Република Македонија во Европската Унија; | |
| | Одложување на обврските на став 5 од Член 136 (според кој продавачи или закуподавачи на згради или градежни единици се должни на купувачите или закупците да им да им го предадат Сертификатот за енергетски карактеристики на згради заверен на нотар) до влегување на Република Македонија во Европската Унија; | |

| | | |
|---|---|---|
| | Одложување на обврските на став 7 од Член 136 (според кој лицата од јавниот сектор беа должни да го истакнат на видно место Сертификатот за енергетски карактеристики на згради на згради или градежни единици во сопственост на лица од јавен сектор) до влегување на Република Македонија во Европската Унија; | |

| | | |
|---|---|---|
| ГРУПА ОБЕСПРАВЕНИ ИНВЕСТИТОР И НА ФОТОНАПОСН КИ ЕЛЕКТРОЦЕНТ РАЛИ | 1.Во став 4 од Член 188, зборовите:<br>“Член 185“<br>Се заменуваат со зборовите:<br>“Член 184“<br>Па наместо досегашниот став:<br>(4) Доколку се исполнети условите за стекнување на статус на повластен производител кој има право да користи повластена тарифа, утврдени со уредбата од Член 185 од овој закон, Регулаторната комисија за енергетика, во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето, носи решение за стекнување на привремен статус на повластен производител и го запишува во Регистарот на повластени производители кои користат повластена тарифа. Во решението се пропишува и рок до кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба.<br><br>Изменетиот став 4 од член 188 ќе гласи:<br>(4) Доколку се исполнети условите за стекнување на статус на повластен производител кој има право да користи повластена тарифа, утврдени со уредбата од Член 184 од овој закон, Регулаторната комисија за енергетика, во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето, носи решение за стекнување на привремен статус на повластен производител и го запишува во Регистарот на повластени производители кои | Прифатено |

| | | |
|---|---|---|
| | користат повластена тарифа. Во решението се пропишува и рок до кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба.<br>**2.Во став 7 од Член 188, зборовите:**<br><br>“донесувањето на решението од ставот (4) на овој член“<br>**Се заменуваат со зборовите:**<br>“поднесување на барањето за издавање на привремено решение од ставот (4) на овој член“<br>**Па наместо досегашниот став:**<br>(7) Повластените производители ја користат повластената тарифа според условите што важеле на денот на донесувањето на решението од ставот (4) на овој член.<br>**Изменетиот став 7 од член 188 ќе гласи:**<br>(7) Повластените производители ја користат повластената тарифа според условите што важеле на денот на поднесување на барањето за издавање на привремено решение од ставот (4) на овој член.<br><br>**3.Во став 9 од член 188, зборовите:**<br><br>“донесувањето на решението за стекнување на привремен статус“<br>**се заменуваат со зборовите:**<br>“поднесување на барање за издавање на привремено решение“<br>**Па наместо досегашниот став:**<br>(9) Во постапката за донесување на решение за стекнување на статус на повластен производител и одлука за користење на повластена тарифа, Регулаторната комисија за енергетика до Агенцијата за енергетика ќе поднесе барања за издавање на потврда дека електроцентралата е изградена и ги исполнува специфичните услови и инсталираната моќност утврдени со уредбата од Член 184 од овој закон што биле во сила на денот | Не се прифаќа, поднесувањето на барањето не значи дека барањето е комплетно и дека по него може да се одлучува.<br><br>Не се прифаќа, поднесувањето на барањето не значи дека барањето е комплетно и дека по него може да се одлучува. |

| | | |
|---|---|---|
| | на донесувањето на решението за стекнување на привремен статус од став (4) на овој член. Агенцијата за енергетика е должна да ја издаде потврдата во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.<br><br>**Изменетиот став 9 од член 188 ќе гласи:**<br>(9) Во постапката за донесување на решение за стекнување на статус на повластен производител и одлука за користење на повластена тарифа, Регулаторната комисија за енергетика до Агенцијата за енергетика ќе поднесе барања за издавање на потврда дека електроцентралата е изградена и ги исполнува специфичните услови и инсталираната моќност утврдени со уредбата од Член 184 од овој закон што биле во сила на денот на поднесување на барање за издавање на привремено решение од став (4) на овој член. Агенцијата за енергетика е должна да ја издаде потврдата во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.<br><br>**4.По ставот 10 од член 188, се додава нов став 11, а досегшниот став 11 станувастав 12.**<br><br>**Новиот став 11, гласи:**<br>(11) Регулаторната комисија за енергетика е должна во рок од 30 дена од денот на стапување во сила на овој закон, да ги усогласи со овој закон сите издадени привремени решенија од ставот 4 на овој член, за кои е прекината постапката на ден 20.07.2012 година, а кои се влезени во квотите пропишани пред датумот кога е прекината постапката, како и Решенијата за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и Одлуките за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија. | Не се прифаќа затоа што ова прашање е предмет на тековни судски постапки и од нивниот исход зависи остварување на правата на привремени решенија за кои е прекината постапката на ден 20.07.2012 година. |

| | | |
|---|---|---|
| | **5.Се менува став 1 од член 240, па наместо досегашниот став:**<br><br>(1) На привремените решенија за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија, решенијата за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија, одлуките за користење на повластени тарифи за електрична енергија од обновливи извори на енергија кои се донесени пред влегувањето во сила на овој закон, се применуваат соодветните одредби од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2011, 136/2011, 79/2013, 164/2013, 41/2014, 151/2014, 33/2015, 192/2015, 215/2015, 6/2016, 53/2016 и 189/2016) и прописите донесени врз основа на тој закон.<br>**Изменетиот став 1 од член 240 ќе гласи:**<br>На привремените решенија за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија, решенијата за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија, одлуките за користење на повластени тарифи за електрична енергија од обновливи извори на енергија кои се донесени пред влегувањето во сила на овој закон, се применуваат соодветните одредби од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2011, 136/2011, 79/2013, 164/2013, 41/2014, 151/2014, 33/2015, 192/2015, 215/2015, 6/2016, 53/2016 и 189/2016) и прописите донесени врз основа на тој закон, со исклучок на оние повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија за кои е прекината постапката од страна на Регулаторна комисија за енергетика на ден 20.07.2012 година, истата е должна во рок од 30 дена од денот на стапување во сила на овој закон, да ги усогласи со овој закон сите издадени привремени решенија кои се влезени во квотите | |

| | | |
|---|---|---|
| | пропишани од Влада на Р.Македонија пред датумот кога е прекината постапката, како и Решенијата за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и Одлуките за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија.<br><br>**6.Се менува став 2 од член 240, односно на крајот од ставот се додаваатзборовите "согласно став 1 од овој член" па наместо досегашниот став:**<br><br>Договорите за откуп на електрична енергија од повластените производители на електрична енергија кои се склучени пред влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат до истекот на рокот за кој се склучени.<br><br>**Изменетиот став 2 од член 240 ќе гласи:**<br>(2) Договорите за откуп на електрична енергија од повластените производители на електрична енергија кои се склучени пред влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат до истекот на рокот за кој се склучени, согласно став 1 од овој член. | Не се прифаќа. |
| Боева Богданка КАВ Комерц | Законот за донесување на Закон за енергетика. Ние сме транспортна компанија Кав-Комерц Петар Дооел која од 2011 година до 2016 година увезувавме нафта за сопствени потреби согласно член 103 точка 4 каде беше назначено „Потрошувачите можат да набавуваат нафта или горива затранспорт и од | Прифатено. (член 146) |

| | | |
|---|---|---|
| | странство доколку нафтените деривати или горивата за транспорт ги користат исклучиво за СВОИ ПОТРЕБИ, за што не е потребна лиценца за трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт".<br>Во новиот предлог закон во член 141 точка 6 стои „ИСКЛУЧИВО ЗА СОПСТВЕНА ПОТРОШУВАЧКА КОЈА НЕ Е ПОВРЗАНА СО ТРАНСПОРТ". Би сакале да ни објасните што е сопствена потрошувачка поврзана со транспорт и дали ваквото ограничување е само за транспортните компании односно оние компании чија претежна дејност е транспорт. Сметаме дека постоеше целосна либерализација на пазарот за нафта и нафтени деривати и доколку ваквата дефиниција остане во новиот Предлог на Закон за донесување на Закон за енергетика голем број транспортни комании би биле дискриминирани.<br>Би сакале да се разгледа нашата забелешка и истото да се исправи и да стои како во постоечкиот Закон за енергетика се што да не се јави дискриминација на одредени трговски дејности, односно за едни да може да увезуваат и користат за сопствени потреби а други да не смеат да увезуваат и користат за сопствени потреби. Дали една производствена компанија може да увези нафта и истата да ја користи а транспортна компанија не смее да увези и да ја користи за сопствени цели? Или доколку се оделат транпортни компании дозволете и ние да може да увезуваме со некои нови лиценци или услови за работа. | |

| | | |
|---|---|---|
| **ЕДС** | 1. Во членот 3 став 1 точка 2 се дефинира балансна енергија (електрична) и во дефиницијата се споменува терминот „расположива електрична енергија„ и терминот „потрошувачка на електрична енергија во реално време“. Потребно е дефинирање на терминот „расположива електрична енергија“, и предлага дефиницијата да гласи: | Ќе се дефинира во правилата за балансирање |

| | | |
|---|---|---|
| | „Расположива електрична енергија претставува збир на (1) сумата на сите часовни номинации за производство на електрична енергија од извори во Република Македонија и (2) вкупниот увоз на електрична енергија во Република Македонија.“ | |
| | 2. Во членот 3, став 1, точка 6, во дефиницијата за поимот „балансна одговорност“ изразот „пазарот на системски услуги за балансирање“ да се смени со изразот „пазарот на електрична енергија“. На ваков начин дефиницијата ќе биде точна од причини што балансна одговорност превземаат и учесниците на пазарот на електрична енергија кои не учествуваат на пазарот на системски услуги и балансирање. Оваа замена исто така ќе ја исправи и нелогичноста во следната точка 7, каде што под поимот „балансна одговороност“ се подразбира обврска на учесниците на пазарот за електрична енергија. | Се прифаќа. Новата дефиниција гласи **балансна одговорност"** е **одговорност на учесниците на пазарот на електрична енергија во однос на производството, потрошувачката и/или трансакциите со електрична енергија или потрошувачката и/или трансакциите со природен гас, во согласност со прифатените физички распореди (номинации), и финансиската одговорност кон операторот на електропреносниот систем или операторот на системот за пренос на природен гас за било какво отстапување и, ако е потребно, за порамнување на отстапувањата (дебалансите** |
| | 3. Во членот 3, ставот 2, точка 8, во дефиницијата за поимот „безбедност“ да се изземат „трговијата“ и „снабдувањето“ бидејќи вршителите на овие дејности не можат и не се во можност да применат „технички и други безбедносни мерки за заштита на животната средина и имотот...“ | Се прифаќа, дефиницијата е избришана |
| | 4. Во членот 3, ставот 1, точка 14, во дефиницијата за поимот „вертикално интегрирано претпријатие за електрична енергија“ зборот „каде“ при крај на вториот ред | Се прифаќа (член 3 став (1) точка 8) |

| | | |
|---|---|---|
| | да се замени со зборовите „во кои“ за да реченицата има логика. | |
| | 5. Во членот 3, став 1, точка 16, предлагаме сосема нова дефиниција за поимот „виртуелен производител“. Исто така, за да не се доведе дефиницијата во спротивност со истоимениот поим во Директивата 2009/72, предлагаме и самиот поим да се замени со поимот „окрупнет производител“ или поимот „група производители“. Текстот на дефиницијата да гласи:<br>„Окрупнет производител (или Група Производители) претставува група од еден или повеќе мали производители на електрична енергија кои обединето настапуваат на пазарот на електрична енергија како самостојна балансна група или како член на баланса група со цел нивната сумарна номинација за произведена електрична енергија да биде прифатлива за Операторот на пазарот на електрична енергија“. | Дефиницијата гласи **виртуелен производител“** е правно лице кое комерцијално и технички интегрира производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија приклучени на електродистрибутивна мрежа, со што се овозможува централизирано управување со нивното производство и нивен третман како еден производител кој учествува на пазарот на електрична енергија. |
| | 6. Во членот 3, став 1, точките 6, 7, 25 и други, како и во целиот текст на нацрт законот, да се усогласи терминот кој се јавува во повеќе верзии како на пример: пазар за балансирање, пазар за системски услуги за балансирање, пазар за балансна енергија итн. Предлагаме еден универзален израз „пазар на системски услуги и балансирање“ како што врпочем гласи поимот во употреба во ENTSO-E организацијата. | Делумно прифатено. Се користи еден термин пазар на балансна енергија |

| | | |
|---|---|---|
| | 7. Во членот 3, став 1, точка 33, во деифиницијата за поимот „дистрибуиран производител“ да се избрише зборот „децентрализиран“. | Прифатено (член 3 став (1) точка 13) |
| | 8. Во членот 3 став 1, точка 57, во дефиницијата за поимот „загушување во електропреносен систем„ да се замени изразот „интерконективен вод“ со „вкупна интерконекција со соседен систем“. Потребата од вакво дефинирање на овој е поим е да се избегне ситуација во која при загушување на само еден интерконективен вод со соседен систем ос кој можеби постојат повеќе од еден интерконективни водови, операторот на електропреносниот систем да објави „загушување на електропреносен систем“. | Прифатено ќе се преуреди дефиницијата (член 3 став (1) точка 28) |
| | 9. Во член 3, став 1, точка 92, во дефиницијата за поимот „оператор на електродистрибутивен систем“, последниот збор од вториот ред „електродистрибутивниот„ да се замени со зборот „електродистрибутивен“ – бидејќи има повеќе од еден електродистрибутивни системи во Република Македонија. | Не се прифаќа, од номотехнички карактер, се користи еднина што соодветствува и на множина (член 3 став (1) точка 36) |
| | 10. Во член 3, став 1, точка 100, во дефиницијата на поимот „организиран пазар на електрична енергија“, на крајот од дефиницијата да се избрише точката и да се додадат зборовите „како и пазар на деривативи на електрична енергија“. | Не се прифаќа, поимот одредени стандардизирани продукти подразбира и деривати. (член 3 став (1) точка 42) |
| | 11. Во член 3, став 1, точка 129, во дефиницијата за поимот „ранлив потрошувач“, по зборовите „здравствена состојба“ | Прифатено (член 3 став (1) точка 55) |

| | | |
|---|---|---|
| | да се додадат зборовите „на член на домаќинството“ поради тоа што „домаќинство“ неможе да има „здравствена состојба“, таква може да ја има член на домаќинството. | |
| | 12. Во членот 5, ставот 2 да се замени со следниов текст „Лицето кое врши една или повеќе регулирани енергетски дејности или една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност, во своето седиште е должен да чува копии од годишните сметки за увид.“ | Прифатено |
| | 13. Во членот 6, да се ревидира ставот 1 со попрецизна синтакса. Во истиот член во ставот 2, по зборовите „пристапот на потрошувачите“ да се додадат зборовите „до јавната услуга“. | Делумно прифатено. Ставот (2) е дополнет. |
| | 14. Во членот 7, став 4, изразот „на секои две години“ да се замени со „еднаш годишно“. Сметаме дека периодот од 2 години за ревизија на регулираните цени е предолг. | Не е прифатено, бидејќи рокот е согласно директивата за електрична енергија. (член 7 став (5) |
| | 15. Во членот 8, ставот 2 поради несоодветен превод од Директивата 2009/72 да се замени со следниот тектст: „Заради обезбедување сигурност во снабдувањето, Владата може да наметне обврска за јавна услуга на сите снабдувачи на крајни потрошувачи во Република Македонија за набавка на електрична енергија од производни капацитети кои користат домашни извори на енергија, при што уделот на набавената електрична енергија во дадена календарска година не смее да надмине 15% од примарната енергија потребна да се произведе електрична енергија за задоволување на конзумот во државата.“ | Прифатено. |

| | | |
|---|---|---|
| | 16. Во членот 68, став 3, точка 2 да се замени со следниов текст: „организиран пазар и тоа пазар за ден однапред, пазар во тековниот ден и пазар на деривативи на електрична енергија, и“. Во истиот член и став, во точката 3 да се изврши усогласување на изразот „пазар на системски услуги и балансна енергија“. | Не е прифатено, бидејќи постојната дефиниција е доволно прецизна и индиректно го опфаќа пазарот на дервативи на електрична енергија |
| | 17. Во членот 69, став 2, точка 4 да се дополни на крајот од реченицата со зборовите „и се регистрирани како самостојни учесници на пазарот на електрична енергија“ | Делумно прифатено. |
| | 18. Во членот 76, став 2, да се додаде нова обврска на операторот на електропреносниот систем со која операторот ќе се задолжи да овозможи електронски пристап преку интернет врска на трговците и снабдувачите регистрирани на пазарот на електрична енергија до базата на податоци за мерните места во соодветниот систем како и за историската потрошувачка на тие мерни места, на начин определен со Правилата за пазар на електрична енергија. | Не е прифатено заради заштита на деловно чувствителни податоци. (член 78) |
| | 19. Во членот 90, став 1, сметаме дека операторот на електродистрибутивниот систем не треба да се дефинира како единствен оператор на целата територија на Република Македонија и предлагаме зборовите „електродистрибутивниот“ и „електродистрибутивната“ да се заменат со „електродистрибутивен“ и „електродистрибутивна“ поради тоа што предложениот нацрт текст сугерира дека во Република Македонија има, и ќе има само еден операторт на електродистрибутиве нсистем. | Не е прифатено, бидејќи тоа е номотехника која се применува при пишување на закони каде еднина опфаќа множина и членувањето не мора да значи дека станува збор за само еден оператор (член 93) |

| | | |
|---|---|---|
| | 20. Во членот 90, став 3, да се додаде нова обврска на операторот на електродистрибутивен систем со која операторот ќе се задолжи да овозможи електронски пристап преку интернет врска на трговците и снабдувачите регистрирани на пазарот на електрична енергија до базата на податоци за мерните места во соодветниот систем како и за историската потрошувачка на тие мерни места, на начин определен со Правилата за пазар на електрична енергија | Не е прифатено заради заштита на деловно чувствителни податоци. (член 93) |
| | 21. Во членот 97, став 1, на крајот од реченицата да се додаде „и други учесници на пазарот на електрична енергија“ | Прифатено. (член 100 став (1)) |
| | 22. Во членот 97, став 2, да се избришат зборовите „на своите крајни потрошувачи“. | Прифатено. (член 100) |
| | 23. Во членот 97, став 3, првата реченица да се замени со реченицата: „Снабдувачот на електрична енергија на своите потрошувачи им фактурира за испорачаната електрична енергија по договорната цена, за електрична енергија произведена од обновливи извори во количина и по цена определена од Операторот на пазарот на електрична енергија и го вклучува и надоместокот за користење на пазарот на електрична енергија.“ | Делумно прифатено. во член 100 став (3). |
| | 24. Во членот 102, став 1, изразот „директните потрошувачи“ да се замени со изразот „други регистрирани учесници на пазарот на електрична енергија“. | Делумно прифатено член 105 став (1). |
| | 25. Во членот 103, став 3, изразот „под услов да преземат балансна одговорност“ да се замени со изразот „да ја регулираат својата балансна одговорност“. | Член 106 сменет е пристапот став (3) гласи Потрошувачите коишто ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија можат да купат електрична енергија од снабдувач или трговец со електрична енергија од друга држава, која пристапила кон сите важечки меѓународни |

| | | |
|---|---|---|
| | | договори во областа на електричната енергија кои Република Македонија ги има ратификувано, доколку таквиот снабдувач на електрична енергија ги почитува прописите и правилата донесени врз основа на овој закон |
| | 26. Во членот 190, да се додаде став по ставот 6 кој ќе гласи: „Крајните потрошувачи на електрична енергија ја купуваат енергијата произведена од повластените производители кои користат повластени тарифи преку своите снабдувачи и/или трговци " | Прифатено. Во член 193 ставот (6) е сменет и додаден е нов став (7). |
| | 27. Во членот 191, став 2, да се избришат зборовите: „кои нудат електрична енергија од обновливи извори на енергија на крајни потрошувачи со напомена на придобивките за животната средина или други придобивки од енергијата од обновливи извори„. Оваа формулација ќе создаде мислење кај потрошувачите дека постојат и снабдувачи и трговци кои не продаваат електрична енергија произведена од обновливи извори, и покрај тоа што сите снабдувачи и трговци кои продаваат електрична енергија на крајни потрошувачи мораат одреден процент од енергијата да ја набават од обновливи извори на енергија. | Не се прифаќа, бидејќи одредбата од член 194 е согласно Директивата за ОИЕ. |

| | | |
|---|---|---|
| МЕПСО –ОЕПС | Во насловот пред Член 76<br>*"Должности на операторот на електроенергетскиот систем"*<br>зборот "*електроенергетскиот*" да се избрише и да се замени со "*електропреносниот*".<br>Насловот пред Член 76 да гласи: | Прифатено (член 78) |

| | | |
|---|---|---|
| | *"Должности на операторот на електропреносниот систем* | |
| | **Во Член 76, став (2), алинеја 12)**,<br>**Да се бришат зборовите:**<br>*"и по претходно одобрување од Регулаторна комисија за енергетика".*<br>**и алинеја 12) од став (2) да гласи:**<br>*"да изработи годишен план за одржување на интерконективните и внатрешните далекуводи на електропреносната мрежа, усогласен со електропреносните систем оператори на регионално ниво и да го објави на својата веб страница,"* | Прифатено (член 78) |
| | **Во Член 76, став (2), алинеја 26)**,<br>**Да се бришат зборовите во алинеја 26):** *"Пазарно ориентирани и транспарентни постапки за",*<br>**и алинеја 26) од став (2) да гласи:** *"да обезбеди балансирање на електроенергетскиот систем и порамнување на отстапувањата и услугите за балансирање, во однос на давателите на услугите за балансирање, корисниците на услугите за балансирање, пресметките, фактурирањето и наплатата,"* | Прифатено (член 78) |
| | **Во Член 77, став (6)**,<br>**да се бришат алинеја 1) и алинеја 2), односно**:<br>*"1) сите утврдени активирани количини на услугите за балансирање со секој давател на услуги за балансирање, и*<br>*2) сите утврдени дебаланси со секоја балансно одговорна страна"* | Не се прифаќа (член 79) |
| | **Член 85, став (1)**, Дали се мисли на точка 24) затоа што точките 18) и 19) како што е наведено не се однесуваат на набавка на електрична енергија. | Да, поправено (член 87) |
| | **Во Член 86, став (2),** да се бришат: алинеја 3), алинеја 4) и алинеја 6), а алинеја 4) да се корегира. | Делумно прифатено (член 88) |

| | | |
|---|---|---|
| | **Алинеја 3)** да се брише,<br>**Алинеја 4), да се брише целата алинеја:** *“пресметка на дебалансите направени од балансно одговорните страни, согласно податоците добиени од операторот на електропреносниот систем ,”*,<br>**Алинеја 5), Да се бришат зборовите:** *“на количините и порамнување”* **и истата да гласи:**<br>**Објаснување:** Затоа што обврската за пресметката на количините и порамнувањето е детално опишано член 77, став (3), став (4) и став (5) и е во спротивност со истите.<br>**Алинеја 6), Да се брише целата алинеја**: *“финансиско порамнување и контрола врз финансиското покривање на признаените дебаланси врз основа на квантитативно порамнување на дебалансите ,”* | |
| | **Во Член 88, став (2),Да се брише делот:** *“ Операторот на пазарот на електрична енергија наплаќа надоместок од балансно одговорните страни во случај на било какви отстапувања од најавените физички трансакции, во согласност со методологијата за утврдување на цените за порамнување на дебалансите и правилата за пазар на електрична енергија”* **и став (2) да гласи:** *“Операторот на пазарот на електрична енергија е должен во фактурата од став (1) на овој член, да наведе информации за процентуалниот удел на трошокот за повластена тарифа како мерка за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори.”* | Прифатено (член 91) |
| | Член 77, да се воведе нов став (14)<br>“да ги обезбеди потребните манипулации и мерки на сигурност за реализација на планираните работи согласно годишните планови за одржување од точките 12) и 13) од овој став во | Опфатено е во член 78 став (2) точка 5) и точка 11) |

| | | |
|---|---|---|
| | координација со корисниците на електропреносната мрежа и оператороорите на електропреносните системи од регионот," | |
| МЕПСО – ОПЕЕ | Член 4, став (1)<br>Недостига управувањето со Организираниот пазар на Организираниот пазар на ел.енергија (Берза на ел. Енергија) во енергетски дејности | Не недостига, во енергетски дејности има точка 2) организирање и управување со пазарот на електрична енергија, |
| | Член 24<br>Правилата за пазар на електрична енергија треба да ги донесува ОПЕЕ, а одобрува РКЕ | Не се прифаќа, РКЕ ги донесува Правилата за пазар на електрична енергија |
| | Член 68, став (3)<br>Посоодветна терминологија, дневен пазар наместо пазар во тековниот ден, односно треба да стои<br>организиран пазар и тоа пазар ден однапред и дневен пазар | Не се прифаќа, терминот "пазар во тековниот ден" е поточен и посоодветен термин отколку терминот "дневен пазар" |
| | Член 69, став (2)<br>Организираниот пазар на ел.енергија (Берза на ел. Енергија) за кој РКЕ издава лиценца, е учесник на пазар и е испуштена во листата на учесници на пазар на ел.енергија | Не се прифаќа, учесник на пазарот е операторот на пазарот на електрична енергија. |
| | Член 69, став (5)<br>Да се додаде и операторот на пазар на електрична енергија | Прифатено |
| | Член 70, став (3), точка (2)<br>купува електрична енергија на пазарот на електрична енергија од **Error! Reference source not found.**, став 3, точки 1 и 2, со цел да го оптимизира своето производство и ги минимизира трошоците во работењето, | Не е прифатено, бидејќи производителот на електрична енергија ако влезе во дисбаланс треба да купи електрична енергија на пазарот на балансна енергија |
| | Член 76, став (2), точка 3) да гласи:<br>"да го организира и управува пазарот на системски услуги за балансирање од член 68, став (3), точка 3) од овој закон, преку пазарно ориентирани и транспарентни постапки за балансирање на електроенергетскиот систем и услугите за балансирање, во однос на давателите на системски услуги за балансирање" | Член 78, став (2), точка (3): поточна формулација е:<br>"да го организира и управува пазарот на балансна енергија од **Error! Reference source not found.**, став (3), точка 3) од овој закон, и да ги донесе и спроведува правилата за балансирање од **Error! Reference source not found.** од овој закон, " |

| | | |
|---|---|---|
| | Член 76, став (2), точка 3) треба да гласи<br>“да изработи конечен распоред за диспиечирање.” | Не се прифаќа, доволно е да се каже “да изработи конечен распоред” (член 78) |
| | Член 76, став (2), точка 21) да се брише, односно да се брише<br>“да набавува електрична енергија за балансирање на електропреносниот систем” | Се прифаќа (член 78) |
| | Член 76, став (2), точка 28) да гласи:<br>“да обезбеди пазарно ориентирани и транспарентни постапки за балансирање на електроенергетскиот систем и системските услуги за балансирање, во однос на давателите на системски услуги за балансирање,” | Не се прифаќа, односно поточен и посоодветен е следниот текст за овој член:<br>**Член 78, став (2), точка 26) гласи:**<br>**“да обезбеди балансирање на електроенергетскиот систем и порамнување на отстапувањата и услугите за балансирање како и да ги обезбеди пресметувањето, фактурирањето и наплатата на услугите за балансирање,”** |
| | Член 78 треба да е насловен како<br>Правила за балансирање | Се прифаќа (член 79) |
| | Член 78, став (3) треба да почне со:<br>Правилата за системски услуги за балансирање….. | Не се прифаќа, односно доволно е да се каже “Правилата за балансирање……” (член 79) |
| | Во Член 78 треба да стои<br>“системски услуги за балансирање” | Не се прифаќа, односно доволно е да се каже “услуги за балансирање……” (член 79) |
| | Член 78, став (4), да се бришат точките 6), 7), 8) и 9) | Не се прифаќа, односно во Правилата за балансирање треба да се уредат точките 6), 7), 8) и 9) (член 79) |
| | Член 78, став (6), да се бришат точките 2), 5) и 6) | Не се прифаќа, односно во Правилата за балансирање треба да се уредат точките 2), 5), и 6) (член 79) |
| | Член 78, став (7) треба да гласи:<br>“Операторот на електропреносниот систем им фактурира на учесниците на пазарот на системски услуги за балансирање , по цени пресметани во согласност со методологијата за пресметка за надоместок за системски услуги за балансирање утврдени во | Не се прифаќа, поточна и посоодветна е следната формулација на Член 79, став (5):<br>“Операторот на електропреносниот систем им фактурира на учесниците на пазарот на електрична енергија за настанатите отстапувања од најавените физички трансакции, по цени пресметани во согласност со методологијата за пресметка за |

| | | |
|---|---|---|
| | правилата за системски услуги за балансирање на електроенергетскиот систем." | надоместок за услугите на балансирање утврдени во правилата за балансирањето на електроенергетскиот систем." |
| | Член 78, став (8) треба да гласи:<br>"Операторот на електропреносниот систем ги доставува до операторот на пазарот на електрична енергија податоците од системот за мерење на електрична енергија, цената на порамнување и со тоа овозможува операторот на пазар на електрична енергија да изврши пресметка на дебалансите на балансно одговорните страни," | Не се прифаќа, поточна и посоодветна е следната формулација на Член 79, став (6):<br>"Операторот на електропреносниот систем ги доставува до операторот на пазарот на електрична енергија податоците од системите за мерење на електрична енергија, активираните количини на услугите за балансирање за секој давател на услуга за балансирање, цената на порамнување и конечниот дневен распоред. Операторот на пазарот на електрична енергија врши пресметка на дебалансите на балансно одговорните страни и предлог пресметка за трошокот за дебалансите и ги доставува до операторот на електропреносниот систем," |
| | Член 80, став (3), точка 1)<br>Дали приходите и расходите што произлегуваат од механизмот за меѓусебна компензација на операторите на електропреносните системи, треба да влезат во методологијата за пресметка на отстапувањето, а не во преносната тарифа? | Овие приходи и расходи влегуваат во преносната тарифа,односно<br>Член 81, став (3), точка 1) гласи:<br>"При утврдувањето на надоместоците за користење на електропреносниот систем се земаат предвид приходите и расходите што произлегуваат од механизмот за меѓусебна компензација на операторите на електропреносните системи," |
| | Во Член 87, терминот "организиран пазар" треба да се замени со терминот "пазар" | Не се прифаќа, терминот "пазар" според Член 69, став (4) е поширок од терминот организиран пазар", односно<br>А согласно член 68 став (4) "Операторот на пазарот на електрична енергија го администрира пазарот од став (3), точка 1) од овој член и под услови определени со овој закон може да го организира и управува пазарот од став (3), точка 2) од овој член, а операторот на електропреносниот систем го организира |

| | | |
|---|---|---|
| | | и управува пазарот од став (3) точка 3) од овој член, врз основа на начелата на јавност, транспарентност и недискриминација.” |
| | Член 87, став (2), точка 12) да гласи<br>“водење на регистар за учесниците на пазарот вклучувајќи го и склучувањето на договорите за учество на пазарот и финансиските гаранции ,” | Не е потребно дообјаснување, односно доволно е<br>Член 88, став (3), точка 7) да гласи<br>“водење на регистар за учесниците на пазарот” |
| | Член 87, став (2), точка 13) да гласи<br>“водење на регистар на балансни групи на пазарот вклучувајќи го и склучувањето на договорите за балансна одговорност и финансиските гаранции,” | Член 88, став (3), точка 5) гласи<br>“водење на евиденција на сите договори за формирање на балансни групи склучени помеѓу учесниците на пазарот на електрична енергија и операторот на пазарот на електрична енергија,” |
| | Член 87, став (2), се додава нова точка 16)<br>16) склучување на договори за откуп на електрична енергија произведена од повластените производители на електрична енергија, балансна одговорност за производството и продажба на истата, | Прифатена, во член 88 став (3) точка 11 |
| | Член 86, став (5) треба да гласи<br>“Операторот на пазарот на електрична енергија, води евиденција за физичките трансакции со електрична енергија, коишто се уредуваат со правилата за пазар на електрична енергија.” | Не се прифаќа, |
| | Член 89, се додава нов став (2)<br>“Операторот на пазар на електрична енергија, со одобрување на регулаторната комисија за енергетика, може да утврди надоместок за учество на организираниот пазар на електрична енергија кој го плаќаат само учесниците на организираниот пазар на електрична енергија и за тоа операторот на пазар на електрична енергија води засебна сметководствена евиденција.” | Не се прифаќа затоа што овој нов став што се предлага е веќе вклучен во член 91 став (1) којшто гласи:<br>“Операторот на пазарот на електрична енергија го пресметува и фактурира надоместокот за користење на пазарот на електрична енергија врз основа на најавените трансакции, со примена на тарифата утврдена во одлуката што ја донесува Регулаторната комисија за енергетика.” |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | Член 89, став (1) треба да гласи<br>“Правилата за пазар на електрична енергија ги изработува и донесува операторот на пазарот на електрична енергија и по добиеното одобрување од Регулаторната комисија за енергетика ги објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница, со кои особено се уредуваат” | Не се прифаќа, РКЕ ги донесува Правилата за пазар на електрична енергија (член 92) |
| | Член 89, став (1), се додава нова точка (4)<br>“методологија за пресметка на надоместокот за услуги за отстапување,” | Не се прифаќа, не е јасно за какви услуги за отстапување станува збор, веројатно се мисли на услуги за балансирање, но тие се вклучени во Правилата за балансирање (член 92) |
| | Член 90, се брише став (2) кој гласи<br>“Регулаторната комисија за енергетика при изготвувањето на правилата за пазарот на електрична енергија соработува со операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електропреносниот систем.” | Не се прифаќа, потребен е овој став член 92 став (2). |
| | Член 98, став (1) да гласи<br>“Снабдувачот со електрична енергија купува електрична енергија во Република Македонија и/или од странство заради продажба на крајните потрошувачи, трговци, други снабдувачи и операторите на електропреносниот или електродистрибутивниот систем, како и за продажба во странство.” | Се прифаќа, односно Член 100, став (1) гласи<br>“Снабдувачот со електрична енергија набавува електрична енергија во Република Македонија и/или од странство заради продажба на своите потрошувачи, други снабдувачи, трговци, операторите на електропреносниот или електродистрибутивниот систем и други учесници на пазарот на електрична енергија.” |
| | Член 98, став (4), точка 2) да гласи<br>“доставува до операторот на пазар податоци за трансакциите и плановите за потрошувачка на електрична енергија за своите крајни потрошувачи, неопходни за пресметка на дебалансите.” | Не се прифаќа, односно<br>Член 100, став (5), точка 10) гласи<br>“доставува до операторот на електропреносниот систем податоци за трансакциите и плановите за потрошувачка на електрична енергија за своите потрошувачи, неопходни за пресметка на дебалансите.” |

| | | |
|---|---|---|
| | | Според Член 79, став (3), точка 8), начинот на пресметка на дебалансите помеѓу номинираните и реализираните трансакции врз основа на мерењата направени од страна на операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем го утврдува операторот на електропреносниот систем во правилата за балансирање<br>Според Член 68 операторот на електропреносниот систем го организира и управува пазарот на балансна енергија. |
| | Член 98, став (4), точка 3) да гласи<br>"ги исполни барањата за финансиско обезбедување во однос на пазарот на електрична енергија," | Не се прифаќа, |
| | Член 98, став (4), точка 4) да гласи<br>"ги плати набавените количини на електрична енергија, како и резервираниот капацитет и регулирани услуги од операторот на пазар, операторот на електропреносниот систем и/или операторите на електродистрибутивни системи," | Се прифаќа (член 100 став (5) точка 9 |
| | Член 99, став (1), да се внесе нова точка 10)<br>"доставува до операторот на пазар податоци за трансакциите и плановите за потрошувачка на електрична енергија неопходни за пресметка на дебалансите" | Не се прифаќа. Членот (101) се однесува на универзалниот снабдувач и во овој Член се наведени обврските што се специфични само за овој снабдувач.<br>Обврските во однос на пазарот на балансна енергија не се специфични само за универзалниот снабдувач и тие се дефинирани во соодветниот член. |
| | Член 100, став (1), точка 2 да гласи<br>"е поведена стечајна постапка кон претходниот снабдувач со поведување на стечајна постапка со лично управување или по барање на доверител, како и ликвидација, како и доколку претходниот снабдувач е суспендиран од пазарот на електрична енергија" | Се прифаќа (член 102 став (1) точка 2) гласи "е поведена стечајна постапка на претходниот снабдувач со лично управување или по барање на доверител, како и ликвидација" |

| | | |
|---|---|---|
| | Во Член 100, став (2) и (3) да се додаде и<br>“оператор на пазар на електрична енергија” | Не е прифатено |
| | Член 100, се додава нов став (10)<br>“доставува до операторот на пазар податоци за трансакциите и плановите за потрошувачка на електрична енергија неопходни за пресметка на дебалансите” | Не се прифаќа, |
| | Член 103, став (1) да гласи<br>“Трговецот со електрична енергија купува и/или продава електрична енергија во Република Македонија и во странство заради продажба на други трговци, снабдувачи, операторот на електропреносниот систем, операторите на електродистрибутивните системи, крајни потрошувачи кои не спаѓаат во групата на мали потрошувачи,.” | Се прифаќа, Член 105, став (1) гласи<br>“Трговецот со електрична енергија, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, купува електрична енергија во Република Македонија и во странство заради продажба на други трговци, снабдувачи, операторот на електропреносниот систем, операторот на електродистрибутивниот систем, потрошувачите на електрична енергија што ги исполнуваат пропишаните услови за самостојно учество на пазарот, како и за продажба во странство.” |
| | Член 103, став (2) да гласи<br>Трговецот со електрична енергија е должен на операторот на пазар за електрична енергија навремено да му ги достави информациите за количините на електрична енергија и соодветните временски распореди од сите договори за купопродажба на електрична енергија, како и од договорите за прекугранични трансакции преку преносната мрежа, во согласност со правилата за пазар на електрична енергија. | Се прифаќа, Член 105, став (2) гласи<br>“Трговецот со електрична енергија е должен на операторот на електропреносниот систем и операторот на пазарот на електрична енергија навремено да им ги достави информациите за количините на електрична енергија и соодветните временски распореди од сите договори за купопродажба на електрична енергија, како и од договорите за прекугранични трансакции преку електропреносната мрежа, во согласност со правилата за пазар на електрична енергија и правилата за доделување на прекугранични преносни капацитети.” |
| | Член 188 е со несоодветен наслов | Се прифаќа, извршена е промена на насловот на членот |
| | Член 224, став (1), точка 2) да гласи<br>“не доставува до операторот на пазар на електрична енергија и операторот на електропреносниот систем податоци за | Се прифаќа (Во член 223 предвидена е прекршочна одредба за непостапување согласно член 100 став (5) точка 10) |

| | | |
|---|---|---|
| | трансакциите и плановите за потрошувачка на електрична енергија за своите крајни потрошувачи (**Error! Reference source not found.** став (4) точка 2)," | |
| | Член 224, став (1), точка 3) да гласи<br>"не ги исполни барањата за финансиско обезбедување во однос на пазарот на балансна енергија и договорите склучени со Операторот на пазар на електрична енергија (**Error! Reference source not found.** став (4) точка 3)," | Одредбата е бришана |
| | Член 235, став (3), да се внесе нова точка 13)<br>со која Правилата за пазар на електрична енергија ги донесува операторот на пазарот на електрична енергија | Не се прифаќа, Правилата за пазар на електрична енергија го донесува РКЕ |
| | Член 235, се воведува нов став (5),<br>со кој Правилата за пазар на електрична енергија ги донесува операторот на пазарот на електрична енергија | Не се прифаќа, Правилата за пазар на електрична енергија го донесува РКЕ |
| | Во Член 236 наведен е погрешен член. | Се прифаќа, извршена е промена. |
| | Член 240, став (3) се менува и гласи<br>"До воспоставување на пазар ден-однапред, Операторот на пазар на електрична енергија е должен да продава електричната енергија произведена од повластените производители кои користат повластени тарифи на фер, транспарентен и недискриминаторски начин. Начинот и цената по која операторот на пазарот продава електричната енергија е уреден во Правилата за пазар на електрична енергија." | Ставот е бришан |

| | | |
|---|---|---|
| **Здружение за заштита на граѓанските права Но** | ЧЛЕН 17<br>став 3)/алинеа 3 )<br>"најмалку двегодини пред именувањето за член на Регулаторната комисија за енергетика да не бил член на орган на управување | Не се прифаќа, со оглед на ограничениот број на стручни лица кои би можеле да ја вршат оваа функција. |

| | | |
|---|---|---|
| Пасаран Скопје | или орган на надзор на правно лице кое врши енергетска дејност, односно дејност поврзана со водни услуги и“<br>- се менува воЧ најмалку 5 години наместо 2 да не бил член на орган на Управување или надвор<br>став 4)<br>“Мандатот на секој член и на претседателот на Регулаторната комисија за енергетика изнесува пет години и ниту еден член не може да биде на таа функција повеќе од два мандати.“<br>- Мандатот на претседател и член наместо 5 години да биде 3 години | Не се прифаќа, мандатот е 5 години во согласност со член 35 став 5б од директивата 2009/72, каде што е утврдено дека мандатот треба да биде од 5-7 години. |
| | ЧЛЕН 19<br>став 3)<br>Престанува вршење на функција .... да се додаде алинеја 4) и поради негово незаконито работење<br>став 5) алинеа 1)<br>“му е изречена правосилна судска пресуда за кривично дело за кое е пропишана затворска казна од најмалку пет години,“<br>- кривично дело за кое е пропишана затворска казна од најмалку 3 години (стои 5 години)<br>став 6)<br>Ако Регулаторната комисија за енергетика утврди дека се исполнети еден или повеќе услови од ставот (5) на овој член доставува до Собранието на Република Македонија предлог за отпочнување на постапка за престанување на функцијата пред истекувањето на мандатот.<br>- Да се даде можност и Собранието да отпочне постапка без да постои предлог од Регулаторна доколку и покрај постоење на сомневање Регулаторната комисија не достави таков предлог. (Дополнително, доколку постојат неколку членови на Регулаторната кои постапиле незаконито малку е веројатно дека ќе се постигне мнозинство за отпочнување на постапката. ) | Прифатено. Член 19 став 3 точка 3 гласи **со правосилна судска пресуда му е изречена казна затвор за сторено кривично дело во траење подолго од шест месеци или му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење подолго од шест месеци, додека став (7) ги регулира основите за разрешување на член на Регулаторната Комисија**<br><br>Не се прифаќа, правото на покренување на постапка за разрешување е изворно право на Собранието кое потекнува од неговата генерална функција да ја контролира работата на државните одрани кои што ги осново и чии членови ги именува. |

| | | |
|---|---|---|
| | ЧЛЕН 20 - Плати и надоместоци<br>став 1)<br>“Платата на претседателот и членовите на Регулаторната комисија за енергетика за време на нивниот мандат не може да биде повисока од збирот на пет бруто просечни месечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година, според податоците објавени од Државниот завод за статистика.“<br>- Максималана нето плата на Претседател да не е поголема од 2,5 нето просечни плати<br>( стои 5 )<br>- Максимална нето плата на член на РКЕ не може да биде поголема од 2 просечни нето плати | Не се прифаќа, направена е компаративна анализа на платите на Регулаторите во регионот и пошироко во однос на надоместоците и е утврдено дека предложениот износ на име плати е сличен па и понизок, а исто така треба да биде просек од највисоките плати во сличните регулаторни тела во РМ и членовите на управните одбори во енергетските компании. Ова е се со цел зајакнување на независноста на Регулаторната комисија за енергетика. |
| | Член 22 (3)<br>Во период од две години од денот на престанок на мандатот, членот или претседателот на Регулаторната комисија за енергетика не може да се стекне со акции или удели или да се вработи во претпријатие кое се стекнало со лиценца за вршење на енергетски дејности во периодот додека бил претседател или член на Регулаторната комисија за енергетика.<br>- Рокот во кои членовите на регулаторна по престанокот на мандатот не треба да бидат вклучени во бизнисот со енергетика да биде пет години. | Не се прифаќа, тоа е меѓународно прифатен стандард во однос на судир на интереси, а земено е во предвид и големината на државата со оглед на ограничениот број на друштва кои вршат енергетски дејности стручни лица кои би можеле да ја вршат оваа функција. |
| | ЧЛЕН 24<br>Во членот 24 каде се уредува надлежноста на Регулаторна комисија да се додаде став во кој изрично ќе биде наведено дека со акт на Регулаторна комисија не можат да се наметнуваат обврски за граѓаните надвор од оние кои експлицитно се воспоставени со Законот за Енергетика. | Не се прифаќа, правилата и тарифните системи кои ги донесува РКЕ се врз основа на законот за енергетика. |
| | ЧЛЕН 25<br>- Да се додаде став 11) РКЕ нема ингеренции да одлучува кој ќе биде корисник или некорисник и кој треба да плаќа, ниту | Не се прифаќа, РКЕ има законско право да донесува тарифни системи и правила за снабдување во кои се утврдуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | пак да измислува термини како што се ” исклучени потрошувачи” и ” колективен објект. “ | корисниците на енергетските системи и нивните права и обврски. |
| | ЧЛЕН 31<br>- да се додаде нов став 3) Поништување на Правилата за снабдување со топлинска енергија (Правилник ) од РКЕ<br>- Објаснување Поништувањето се бара поради тоа што корисниците на топлинска енергија не се задоволни од правилата кои се наведени во Правилникот, а се контрадикторни на Устав на РМ, Законот за Енергетика, Закон за потрошувачи, Закон за комунални дејности, Закон за сопственост и други стварни права, ЗОО, ЗПП и физичките закони. РКЕ си дала сама свои дополнителни ингеренции со кои одлучува кој треба да плаќа непостоечки надоместоци. Постоењето на активна и пасивна легитимација се утврдува врз основа на взаемен договор помеѓу снабдувачот и купувачот, а не врз основа на Правилникот на РКЕ.<br>- да се додаде нов став 4) Поништување на Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија (Тарифник ) од РКЕ<br>ОбјаснувањеЧ Тарифникот не е врз база на научно истражување, не е утврдење постоење на ангажирана моќност (фиксен дел), прикажаните формули математички и физички се неточни и произволни (за што приложивме до Министерство за економија и експертско вештачење од единствениот судски вештак од областа на физиката во РМ проф.д-р Мимоза Ристова), РКЕ не претставува стручно тело, вработените во РКЕ немаат право да донесуваат Тарифник поради судир на интереси.<br><br>- да се додаде нов став 5) Сите подзаконски акти, со акцент на стручните, да се изготвуваат врз база на спроведени научни истражувања од страна на овластени со Закон независни стручни институции надвор од составот на РКЕ. | Не се прифаќа, РКЕ има законско право да ги донесува тарифните системи и правилата за снабдување со кои се уредуваат правата и обврските па потрошувачите и снабдувачите во согласност со законот за енергетика. |

| | | |
|---|---|---|
| | Објаснување Досегашната пракса на РКЕ е сама да ги изготвува и донесува сите подзаконски акти иако не е стручна и овластена за тоа. | |
| | ЧЛЕН 156 - Снабдување со топлинска енергија<br>Крајните потрошувачи на топлинска енергија приклучени на системот за дистрибуција на територијата на која е воспоставен системот за топлинска енергија имаат право на слободен избор од кој снабдувач ќе бидат снабдувани вклучувајќи го и правото да не бидат снабдувани со топлинска енергија.<br>Во случај крајните потрошувачи да изберат да не бидат снабдувани со топлинска енергија тие немаат никаков правен однос со снабдувачот и операторот на дистрибутивниот систем на топлинска енергија во согласност со Мрежните правила.<br><br>да се додаде нов став 3 ) Снабдувачот на топлинска енергија мора да склучи Договор за приклучок на топлотна подстаница со Заедницата на сопственици на станари или Управител, како и да има пишана согласност од сите сопственици на станови вклучувајќи ги исклучените станари и некорисници на централниот систем за топлинска енергија во која ќе дозволат користење на заедничката сопственост ( цевки, подстаница, простор кај подстаницата...)<br>да се додаде нов став 4) Исклучените и некорисниците од системот на заедничко ”градско” греење немаат никаква обврска да плаќаат било какви надоместоци, ”ангажирани моќности” или било какви други давачки на снабдувачот, дистрибутерот или производителот на топлинска енергија.<br>да се додаде нов став 5) Потстаницата, просторијата во која е сместена потстаницата и цевките во зградата се исклучиво сопственост на станарите во таа зграда и со нив управува Заедницата на сопственици на станови или Станбен управител. | Не се прифаќа. |

| | | |
|---|---|---|
| | да се додаде нов став 6) Дополнување на Статутот на РКЕ со кое се формира Надзорен Одбор во кој мора да членуваат и невладините организации, претставник на потрошувачите и Министерството за економија<br>да се додаде нов став 7) Снабдувач, дистрибутер или производител не смеат да бидат правно поврзани субјекти – правни наследници заради немонополското работење на пазарот.<br>да се додаде нов став 8) Снабдувач на топлинска енергија не смее да биде Друштво со ограничена одговорност, ДОО или ДООЕЛ.<br>ОбјаснувањеЧ Снабдувачот мора да исполнува одредени ригорозни услови пропишани со Закон и да одговара со својот имот и основачки капитал кој неможе да биде од ред на големина од 5000 евра, истиот треба да се определи врз основа на реални параметри, односно, одговорноста и гаранцијата да биде пропорционална на бројот на корисници-потрошувачи. Предлагаме преиспитување на условите за доделување на лиценца за снабдување со топлинска енергија. | |
| | ЧЛЕН 191<br>да се додаде нов став 3) Снабдувачот на топлинска енергија е должен да постави калориметри во секое домаќинство поединечно, на свој трошок. Калориметрите несмеат да бидат признаени од страна на РКЕ како трошоци кои подоцна ќе бидат вградени во фактурите за греење.<br>Објаснување Секоја фактура согласно Закон мора да биде базирана на точни измерена вредност. Тоа се постигнува само со поставување на индивидуални калориметри во секој стан, куќа или деловен простор поединечно. | Не се прифаќа, ова прашање ќе биде уредено во правилата за снабдување. Нацрт законот предвидува обврска за вградување на калориметри само во новите објекти кои ќе се изградат по донесување на законот за енергетика. Трошоците во однос на калориметрите во новите објекти се на трошок на инвеститорот затоа што претставуваат заедничка инсталација во зградата. |

| | | |
|---|---|---|
| Аналитика | Правилник за обновливи извори на енергија<br>Член 183<br>Да се измени точка 2 од став (1) (1) Министерот со Правилникот за обновливи извори на енергија поблиску ги пропишува<br>2) нет метерингот т.е. условите и начинот по кои вишокот од произведената енергија од обновливи извори  на енергија наменета за сопствена потрошувачка на домаќинствата и малите претпријатија се предава во електродистрибутивната мрежа, | Не се прифаќа, законот остава поширок простор субјектите кои ќе може да ползуваат од нет метерингот да се определат со Правилникот за обновливи извори на енергија и мрежни правила за дистрибуција |
| | Стратегија за обновливи извори на енергија<br><br>Член 168, став 5 (Мерките за поддршка од Стратегијата за обновливите извори на енергија може да опфатат) да се доаде точка<br><br>7) воведување нет метеринг како поддршка за домаќинствата. | Согласно најновата верзија не се предвидува донесување на Стратегија за ОИЕ |
| | Член 3 – дефиниции<br><br>Додавање на нова дефиниција под н<br><br>87) “Нет метеринг„ е можност домаќинствата и малите претпријатија да можат да инсталираат фотонапонски постројки на покрив за производство на сопствена потрошувачка на електрична енергија, а вишокот произведена струја да го предадат на системот | Не се прифаќа, дефиницијата може да го стави во ограничувачка рамка целиот концепт, кој ќе биде уреден со подзаконските акти |
| | Член 3, дефиниции<br><br>измена на дефиниција под реден број 79 - лице<br><br>79) „лице“ е физичко или правно лице кое врши енергетска дејност, а е регистрирано во трговскиот регистар во Република Македонија, но не е корсиник на нет метеринг, | Не се прифаќа, лицето кое е корисник на нет метеринг не врши енергетска дејност и не му е потреба лиценца. |
| | Член 3, дефинции<br><br>промена на дефиниција под реден број 44 домаќинство | Прифатено со друга формулација<br><br>**„домаќинство"** е потрошувач приклучен на систем за |

| | | |
|---|---|---|
| | 44) „домаќинство е краен потрошувач којшто набавува енергија или природен гас за потребите во домаќинството, овластен корисник на нет метеринг, но не и за комерцијални илино не и за какви било комерцијални или професионални дејности | дистрибуција на енергија, којшто набавува или произведува енергија за сопствена потрошувачка во домаќинството, но не и за трговски или професионални цели, |
| | Во членот 2, да се додаде ставка<br><br>8) исполнување на обврските преземени со ратификацијата на Парискиот договор | Исполнувањето на обврските преземени со ратификување на Парискиот договор е опфатено со одредбата од член 10 став (1) точка 12):<br>„ исполнување на обврските на Република Македонија кои произлегуваат од ратификувани меѓународни договори. “ |
| | Стратегија за развој на енергетиката<br>Член 11, став (1)<br>Енергетската политика на Република Македонија се утврдува во Стратегијата за развој на енергетиката која што ја донесува Владата на предлог на Министерството.<br>Да се замени со<br>Енергетската политика на Република Македонија се утврдува во Стратегијата за развој на енергетиката која што ја донесува Собранието на предлог на Владата.<br>(Поради важноста која што оваа стратегија го има, а и влијанието врз животите на сите граѓани на РМ, предлог е таа сепак да се усвојува во Собрание како директен претставнички орган на граѓаните.) | Не се прифаќа, со Уставот на РМ член 68, Собранието не носи стратегии. |
| | ИИ. ЕНЕРГЕТСКА ПОЛИТИКА<br>Цели на енергетска политика<br>Член 10 | Се прифаќа со различен формулација |

| | | |
|---|---|---|
| | Ставка 5) да се смени од мерки за заштита на граѓаните од енергетска сиромаштија во мерки за сузбивање на енергетската сиромаштија.<br>(Државата како цел треба да има искоренување на енергетската сиромаштија оттуказ заложбата е поефикасна доколку не се оди само на нејзино справување туку и нејзино решавање). | „ намалување на енергетската сиромаштија и заштита на ранливи потрошувачи “ |
| Зоран Стафановски | Во Член 30, се додава точка (7) која треба да гласи „Исклучените претходни корисници или оние кои никогаш не биле корисници на топлинска енергија од системот за централно греење не се задолжуваат да плаќаат никакви давачки“.<br>Во член 24 да се вметне став дека „методологијата за пресметување цени и тарифници ја донесува посебно стручно тело, составено од познати и признати стручњаци и научници од соодветни научни установи во РМ, кое ќе гарантира дека методологиите се научно засновани. РКЕ ги применува тие методологии преку правилниците што таа ги донесува.“<br>ОбразложениеЧ Ваквото раздвојување на задачите би било по примерот на Законот за радијациона сигурност каде Дирекцијата за радијациона сигурност за посебни стручни проблеми и прашања формира наменски комисии за решавање на тие проблеми и за донесување на стручни одлуки. | Сите овие коментари се одговорени во делот на коментари од здружението „Но пасаран“ |
| | Во член 239 се вметнува став (2) кој вели „Со влегување во сила на овој закон се прекинуваат сите судски постапки против граѓаните исклучени од системот на централно греење што ги повела компанијата Балкан Енерџи ДООЕЛ“. | Не се прифаќа, со закон не може да се регулираат поединечни судски постапки. |
| Даниел Лалков | Во Член 186 став 1<br>1) не започне со производство на електрична енергија во рок од една година од денот на добивање на одобрението за градење на фотонапонска електрана, односно во рок од три години од денот на добивање на одобрението за градење на електрана која користи друг вид обновлив извор на енергија `<br>Мислам дека оваа точка треба да се ПРОМЕНИ во<br><br>1) не започне со производство на електрична енергија во рок од една година од денот на добивање на ОДЛУКА ЗА ИЗБОР ЗА КОРИСТЕЊЕ ПРЕМИЈА ОД фотонапонска електрана, односно во рок од три години од денот на добивање на одобрението за градење на електрана која користи друг вид обновлив извор на енергија<br><br>Поради тоа што некои инвеститори веќе имаат добиено градежни дозволи а од друга страна поради исполнувањето на квотата утврдена во уредбата за повластени производители не се | Одредбите од овој член во новата верзија на нацрт законот се преработени. |

| | | |
|---|---|---|
| | во можност да ги изградат производните капацитети поради финансиската конструкција. Мора ЗАКОНОТ да му овозможи и на нив да конкуираат на таканаречениот тендер за добивање на премиум.<br><br>Исто така лично мислење е дека премногу брзо е напишан делот за премиум тарифата во член 185 каде се опишува постапката за доделување на премиум тарифа по пат на тендерска постапка која не е доволно дефинирана во ЗАКОНОТ ( знам дека Вашиот одговор би бил дека ова ќе се доуреди со подзаконски акт или уредба донесена од Влада на Р.М., кои нема да бидат достапни на јавноста која е засегната со оваа проблематика, и можат да се напишат во нечија корист).<br>Би можело да се земе само легистративата од Европските земји каде кратко и јасно е опишана цела постапка за доделување на премиум тарифа за одредени видови обновливи извори односно да се искористи веќе постоечката легистратива во Македонија и тоа во два чекори ‘<br><br>1) Право на користење на премија се овозможува на правните субјекти кои се со соодветна регистрирана дејност за производство и продажба на електрична енергија ,<br><br>2) Секој понудувач или лице кое има интерест во да учествува во тендерската постапка објавена по предходен оглас од страна на Влада на Р.М. може да учествува со приложување на согласност за приклучок од оперативнипт дистрибутивен или преносен оператор на електрична енегија, и лиценца во фаза на изградба на енергетскиот објект по член 31 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејност. | |
| Еко-свест | – **Во член 2 став (1) точка 8) се менува и гласи:**<br><br>**8) Искористување на обновливите извори на енергија во насока на прекин на употребата на фосилните горива со цел имплементација на заложбите од Парискиот Договор и заштита на животната средина и климата од негативните влијанија при вршењето на енергетските дејности.** | Делумно прифатено, Член 10, став (1) точки 9 ) и 12) |
| | – **Во член 3 да се додаде дефиниција за „енергетска сиромаштија“:**<br><br>„**Енергетска сиромаштија** е ситуација во која граѓанинот во своето домување се соочува со потешкотии да си дозволи доволна потрошувачка на енергија за задоволување на своите елементарни енергетски потреби во домот“. | Не се прифаќа, но постои дефиниција за ранлив потрошувач |

| | | |
|---|---|---|
| | – Дефиницијата за „домаќинство“ во предлог верзијата не предвидува домаќинството да биде и производувач на енергија. Дефиницијата за „домаќинство“ да се ревидира и да гласи:<br>„**Домаќинство** е краен потрошувач којшто набавува природен гас или произведува или набавува енергија за потребите во домаќинството, но не и за какви било комерцијални или професионални дејности,“ | Делумно прифатено,<br>**домаќинство"** е потрошувач приклучен на систем за дистрибуција на енергија, којшто набавува или произведува енергија за сопствена потрошувачка во домаќинството, но не и за трговски или професионални цели “ |
| | – Во член 10 став (1) после точка 5) се додава нова точка и останатите се поместуваат за едно место надолу. Новата точка 6) гласи:<br>6) Мерки за заштита на јавното здравје и сигурност. | Прифатено, во член 10, став (1) точка 10)<br><br>„ заштита на јавното здравје, животната средина и ублажување на климатските промени од штетните влијанија кои произлегуваат од вршењето на енергетските дејности “ |
| | – Во член 11, став 1 се менува и гласи:<br>(1) Енергетската политика на Република Македонија се утврдува во Стратегијата за развој на енергетиката која што ја донесува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата. | Не се прифаќа, со Уставот на РМ член 68, Собранието не носи стратегии. |
| | – Во член 11, став 2 се додава нова точка 14 која гласи:<br>(14) „Истражувањата со кои е потребно да се задолжат научните институции во определниот период кој се покрива со Стратегијата за развој на енергетиката“. | Опфатено е со одредбата од член 10 став (2)<br>Заради остварување на целите на енергетската политика, надлежните државни органи и операторите на енергетските системи на Република Македонија остваруваат |

| | | |
|---|---|---|
| | | соработка со научни, образовни и стручни институции и организации, надлежните органи и тела на други држави, како и со органите и телата на регионално и меѓународно ниво основани со меѓународните договори ратификувани од Република Македонија. |
| | – Во член 11, став 2 точката 14, станува точка 15.<br>– Согласно трите столба на одржливиот развој, во Регулаторната комисија за енергетика треба да се прошири со уште два члена кои ќе бидат стручни во областа на социјалните прашања и на животната средина. Следствено, член 17, став 2 се менува и гласи:<br>„Еден член на Регулаторната комисија за енергетика е стручно лице за правни прашања од областа на енергетиката, еден член е стручно лице за економски прашања од областа на енергетиката, еден член е стручно лице од областа на водните услуги, еден член е стручно лице од областа на социјалните прашања, еден член е стручно лице од областа на животната средина и останатите членови се стручни лица за технички прашања од областа на енергетиката." | Не се прифаќа, РКЕ има прецизни надлежности кои не опфаќаат регулација на социјални и еколошки аспекти. |
| | – Во член 11 се додава нов став (6) и гласи:<br>(6) Стратегијата за развој на енергетиката треба да се консултира со Националниот совет за Одржлив развој. | Владата ќе одлучи кои државни тела ќе ги консултира. |
| | – Член 17, став 3, точка 1 се менува и гласи:<br>1) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на електротехника, машинство, технолошки науки, градежништво, економија, право, социологија, социјална работа и политика, биологија, екологија | Не се прифаќа, со оглед на надлежноста на РКЕ соодветно се профилираат кандидатите за членови. |
| | – Член 62, став 1, точка 14 се менува и гласи:<br>14) услови кои треба да се исполнат за заштита на животната средина во согласност со законот и најдобрите достапни практики, | Не се прифаќа, во вакви случаи се применуваат прописите од областа на животната средина |
| | – Во член 73, став 1 не е јасно на што се однесува делот „член 100". Да се провери дали бројот на членот 100 е точен или треба да се замени со друг точен број. | Прифатено |

| | | |
|---|---|---|
| | – Во став 97 став 4, точка 5 се додава нова црта:<br>- да достави информација до крајниот потрошувач за изворот од кој е добиена на електричната енергија која му е доставена изразено во проценти и поделено согласно категориите фосилни горива и обновливи извори на енергија | Содржината на сметките се уредува со правилата за снабдување |
| | – Во член 99 Став 7 се менува и гласи:<br>Снабдувањето со електрична енергија во краен случај не може да трае подолго од 120 дена.“ | Не се прифаќа, интенција на законот е да се пострат критериумите за снабдување во краен случај, како исклучителна ситуација |
| Слободанка Димитровска | Ви ги испраќам моите забелешки за новиот Закон за енергетика:<br><br>Во член 156 се додава нов став (3) кој гласи: Домаќинствата кои немаат склучено договор за снабдување со топлина со снабдувачот и кои се исклучени од системот на централно греење немаат обврска да му плаќаат било каков надоместот.<br><br>Во преодни и завршни одредби во член 239 се вметнува став 2 кој гласи : Со влегување во сила на овој закон се прекинуваат сите судски постапки против граѓаните кои се исклучени од системот за централно греење и не користат никаква услуга од компанијата Балкан Енерџи ,а кои судски постапки се покренати од истата компанија. | Одговорено во делот на „Но пасаран“ |
| Робин Бојчевски | Во став 4 од Член 188, зборовите:<br>“Член 185“<br>Се заменуваат со зборовите:<br>“Член 184“<br>Па наместо досегашниот став:<br>(4) Доколку се исполнети условите за стекнување на статус на повластен производител кој има право да користи повластена тарифа, утврдени со уредбата од Член 185 од овој закон, Регулаторната комисија за енергетика, во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето, носи решение за стекнување на привремен статус на повластен производител и го запишува во Регистарот на повластени производители кои користат повластена тарифа. Во решението се пропишува и рок до кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба.<br><br>Изменетиот став 4 од член 188 ќе гласи: | Прифатено член 191 |

| | | |
|---|---|---|
| | (4) Доколку се исполнети условите за стекнување на статус на повластен производител кој има право да користи повластена тарифа, утврдени со уредбата од Член 184 од овој закон, Регулаторната комисија за енергетика, во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето, носи решение за стекнување на привремен статус на повластен производител и го запишува во Регистарот на повластени производители кои користат повластена тарифа. Во решението се пропишува и рок до кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба. | |
| | **Во став 7 од Член 188, зборовите:**<br>"донесувањето на решението од ставот (4) на овој член"<br>**Се заменуваат со зборовите:**<br>"поднесување на барањето за издавање на привремено решение од ставот (4) на овој член"<br>**Па наместо досегашниот став:**<br>(7) Повластените производители ја користат повластената тарифа според условите што важеле на денот на донесувањето на решението од ставот (4) на овој член.<br>**Изменетиот став 7 од член 188 ќе гласи:**<br>(7) Повластените производители ја користат повластената тарифа според условите што важеле на денот на поднесување на барањето за издавање на привремено решение од ставот (4) на овој член. | Не се прифаќа, органот постапува само по комплетно барање. Самото доставување не значи дека барањето е комплетно. |
| | **.Во став 9 од член 188, зборовите:**<br>"донесувањето на решението за стекнување на привремен статус"<br>**се заменуваат со зборовите:**<br>"поднесување на барање за издавање на привремено решение"<br>**Па наместо досегашниот став:**<br>(9) Во постапката за донесување на решение за стекнување на статус на повластен производител и одлука за користење на повластена тарифа, Регулаторната комисија за енергетика до Агенцијата за енергетика ќе поднесе барања за издавање на потврда дека електроцентралата е изградена и ги исполнува специфичните услови и инсталираната моќност утврдени со уредбата од Член 184 од овој закон што биле во сила на денот на донесувањето на решението за стекнување на привремен статус од став (4) на овој член. Агенцијата за енергетика е должна да ја издаде потврдата во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.<br><br>**Изменетиот став 9 од член 188 ќе гласи:** | Не се прифаќа (член 191), органот постапува само по комплетно барање. Самото доставување не значи дека барањето е комплетно. |

| | | |
|---|---|---|
| | (9) Во постапката за донесување на решение за стекнување на статус на повластен производител и одлука за користење на повластена тарифа, Регулаторната комисија за енергетика до Агенцијата за енергетика ќе поднесе барања за издавање на потврда дека електроцентралата е изградена и ги исполнува специфичните услови и инсталираната моќност утврдени со уредбата од Член 184 од овој закон што биле во сила на денот на поднесување на барање за издавање на привремено решение од став (4) на овој член. Агенцијата за енергетика е должна да ја издаде потврдата во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето. | |
| | По ставот 10 од член 188, се додава нов став 11, а досегшниот став 11 станувастав 12.<br>Новиот став 11, гласи:<br>(11) Регулаторната комисија за енергетика е должна во рок од 30 дена од денот на стапување во сила на овој закон, да ги усогласи со овој закон сите издадени привремени решенија од ставот 4 на овој член, за кои е прекината постапката на ден 20.07.2012 година, а кои се влезени во квотите пропишани пред датумот кога е прекината постапката, како и Решенијата за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и Одлуките за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија. | Не се прифаќа (член 191) затоа што ова прашање е предмет на тековни судски постапки и од нивниот исход зависи остварување на правата на привремени решенија за кои е прекината постапката на ден 20.07.2012 година. |
| | Се менува став 1 од член 240, па наместо досегашниот став:<br>(1) На привремените решенија за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија, решенијата за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија, одлуките за користење на повластени тарифи за електрична енергија од обновливи извори на енергија кои се донесени пред влегувањето во сила на овој закон, се применуваат соодветните одредби од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2011, 136/2011, 79/2013, 164/2013, 41/2014, 151/2014, 33/2015, 192/2015, 215/2015, 6/2016, 53/2016 и 189/2016) и прописите донесени врз основа на тој закон.<br>Изменетиот став 1 од член 240 ќе гласи:<br>На привремените решенија за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија, решенијата за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија, одлуките за користење на повластени тарифи за електрична енергија од обновливи извори на енергија кои се донесени пред влегувањето во сила на овој закон, се применуваат соодветните одредби од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ | Не се прифаќа затоа што ова прашање е предмет на тековни судски постапки и од нивниот исход зависи остварување на правата на привремени решенија за кои е прекината постапката на ден 20.07.2012 година. |

| | | |
|---|---|---|
| | бр. 16/2011, 136/2011, 79/2013, 164/2013, 41/2014, 151/2014, 33/2015, 192/2015, 215/2015, 6/2016, 53/2016 и 189/2016) и прописите донесени врз основа на тој закон, со исклучок на оние повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија за кои е прекината постапката од страна на Регулаторна комисија за енергетика на ден 20.07.2012 година, истата е должна во рок од 30 дена од денот на стапување во сила на овој закон, да ги усогласи со овој закон сите издадени привремени решенија кои се влезени во квотите пропишани од Влада на Р.Македонија пред датумот кога е прекината постапката, како и Решенијата за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и Одлуките за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија. | |
| | Се менува став 2 од член 240, односно на крајот од ставот се додаваатзборовите "согласно став 1 од овој член" па наместо досегашниот став:<br><br>Договорите за откуп на електрична енергија од повластените производители на електрична енергија кои се склучени пред влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат до истекот на рокот за кој се склучени.<br>Изменетиот став 2 од член 240 ќе гласи:<br>(2) Договорите за откуп на електрична енергија од повластените производители на електрична енергија кои се склучени пред влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат до истекот на рокот за кој се склучени, согласно став 1 од овој член. | Не се прифаќа, затоа што ни став 1 не се менува. |
| в. проф. д-р Димитар Димитров, професор на УКИМ-`ФЕИТ по предмети од областа на фотоволтаичните системи | **Предлог за замена на термин во член 179 и 186 од Нацрт законот за енергетика**<br>Терминот „фотонапонски" да биде заменет со термин „фотоволтаичен"<br>**Образложение**<br>Правилното користење на термините е еден од суштинските показатели на разбирањето на проблематиката. Поради тоа, во законот за енергетика, во другите закони и во подзаконските акти, одлуки, решенија и слично треба да се употребува терминот „фотоволтаичен". Во прилог на употребата на правилниот термин, ги даваме следните лингвистички и технички аргументи:<br>1. Терминот „фотонапонски" е погрешен превод на англискиот термин „photovoltaic"<br>2. „Photovoltaic" е збор - кованица од зборовите: „photo" и „voltaic". Притоа: | Не се прифаќа поради тоа што терминот е веќе прифатен во сите стратешки, плански и други документи, како и во правилата и прописите со кои се регулира предметната материја |

| | | |
|---|---|---|
| | • „photo“ (т.е. „phos“) е општо прифатен назив за „светло“ (со потекло од грчкиот јазик)<br>• „voltaic“ - придавка што означува „наречено според (научникот Алесандро) Волта“. Поради тоа, не е случајно што во англискиот термин се користи зборот „voltaic“, а не „voltage“.<br>3. Примери за примена на терминот „фотоволтаичен“ (а не – „фотонапонски“)во други јазици:<br>• во германскиот јазик се користи терминот „fotovoltaik“ (а не „fotospannung“)<br>• во францускиот јазик се користи терминот „ photovoltaïque“ (а не „phototension“)<br>• во грчкиот јазик се користи терминот „φωτοβολταϊκών“ (а не „φωτοτάσησ“)<br>• во бугарскиот јазик се користи терминот „фотоволтаичен“, итн.<br>4. Смислата на користење на терминот „напонски извор“ е извор чиј напон малку се менува (или воопшто не се менува) при промена на оптоварувањето. Во таа насока, струен генератор е извор што дава константна (или малку променета) струја при промена на оптоварувањето. Зависно од оптоварувањето, фотоволтаичниот генератор, во дел од струјно-напонската карактеристика делува напонски, а во дел - како струен генератор. Но, во делот каде најчесто функционира, т.е. во близина на точката на максимална моќност, не може да се каже дека делува ниту како струен, ниту како напонски извор. | |
| Подносители:<br>1. Сашо Генчев<br>2. проф. д-р Сотир Пановски<br>3. Влатко Ташковски | Член 2 (Цели на Законот)<br>Целта на овој Закон е да се обезбеди:  создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив енергетски сектор, заснован на начелата на недискриминација, објективност и транспарентност... (став 1, алинеа 2),  поттикнување на користењето на енергија од обновливи извори, вклучувајќи и соодветни и ефективни финансиски и други мерки за поддршка ... (став 1, алинеа 7)<br>“конкурентен” Во делот “ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА” во Член 185 е дефинирано доделувањето на право на користење на премија, каде конкуретност е присутна само во тендерска постапка за добивање премија. Конкуретност не постои кога ќе се споредат инвестиција на државно земјиште со инвестиција на приватно земјиште. Заради поповолните услови за инвестиција на државно земјиште (концесија на земјиште и обезбеден приклучок), приватните земјишта ќе бидат неконкуретни и интерес за | Во законот не се прави дистинкција во однос на доделувањето на премијата на инвеститори кои користат државно или приватно земјиште, односно не е специфицирано дека премија може да се додели само за државно земјиште. Деталите во однос на начинот на доделувањето на премиите ќе бидат уредени со |

| | | |
|---|---|---|
| 4. проф. д-р Константин Димитров<br>5. проф. д-р Димитар Димитров<br>6. Ѕвонко Марковски<br>7. Осман Сулејмани<br>8. Проф. Д-р Илија Насов<br>9. Драган Трајковски<br>10. Иван Илиевски<br>11. Зоран Саботковски 12. Боби Крстевски | инвестиции во фотоволтаични електроцентрали (ФЕЦ) на приватно земјиште нема да има. Обезбедувањето поволни услови за инвестиција на приватно земјиште не само што ќе го задоволи начелото на конкуретност, туку ќе обезбеди и децентрализација, те. ќе ја оттргне државата од контролата на инвестиции во ФЕЦ, ќе овозможи слободно да се развиваат и ќе се отвораат работни места во сите краеви на државата (за катастарски бироа, проектантски бироа, фирми за изградба на ФЕЦ и нејзино одржување, книговодствени биро итн.), данокот на добивка ќе се слева во општината каде е лоцирана електроцентралата.<br>"недискриминација" • Повластениот производител кој поседува ФЕЦ, електричната енергија ќе ја продава по цена еднаква на збир од пазарната цена и премијата. Заради променливоста на пазарната цена (која се одредува на берза), подршка од страна на банките скоро невозможно ќе биде да се добие. Тоа значи, дека овој тип на постројки од ОИЕ, те. ФЕЦ ќе бидат дискриминирани гледано од аспект на условите кои ќе важат за другите типови на ОИЕ. Воедно тоа значи дека нема да има поттикнување на инсталации на ФЕЦ. • Член 185 исто така содржи дискриминација, затоа што премијата е предвидено да се доделува само за инвестиции на државно земјиште.<br>" транспарентност " • Производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија поминува на крајно нетранспарентен начин. Податоци се објавуваат само кумулативно на месечно ниво (вкупно произведена електрична енергија од ОИЕ). Со оглед на фактот што електричната енергија ја плаќаат сите домаќинства и цело стопанство, во таа електрична енергија влегува и онаа добиена од ОИЕ, Владата мора да обезбеди транспарентност и мора да го задолжи операторот на пазар на електрична енергија да објавува месечно податоци за произведена електрична енергија од ОИЕ за секој повластен производител. • Владата мора да го задолжи Министерството за Економија да објави модел за дисконтиран паричен тек за една инвестиција од каде ќе биде евидентен начинот на пресметка на премијата и економичноста на мерката на поддршка. Скопје, 27.12.2017 4<br>"ефективни финансиски мерки" Министерството за Економија мора да ја потврди ефективноста на финансиската мерка преку објава на модел за дисконтиран паричен тек за една инвестиција за производство на електрична енергија од ОИЕ, при тоа објективно земајќи ги предвид посебните пазарни услови и карактеристиките на технологии кои се употребуваат во постројките од обновливи извори на енергија. Предвиден е концепт електричната енергија да се продава по цена еднаква на збир од пазарната цена и премијата. Предлагаме друг концепт за инвестиции во ФЕЦ до 1 мегават на приватни земјишта: електричната енергија да се продава по фиксна цена еднаква на збир од | подзаконските акти кои ќе се донесат по донесувањето на Законот за енергетика. Покрај то во членот 187 став (2) е дефинирано дека Правото за користење на премија или повластена тарифа се стекнува низ постапки кои се засноваат на начелата на објективност, транспарентност и недискриминација. |

| | | |
|---|---|---|
| | пазарната цена и премијата. Во таков случај премијата постојано ќе варира. Фиксната цена потребно е да обезбеди економска исплатливост на инвестицијата, сигурни услови пред кредиторите | |
| | Во Законот се користат термини “фотонапонски систем” и “фотонапонска електрана”. Коментар: Претворањето на сончевата енергија во електрична енергија го открил Алесандро Волта, италијански научник. Компонентите во системите кои ја претвораат сончевата во електрична енергија во своите називи како наставка (суфикс) го содржат неговото презиме. Така е во термините и на англиски (photovoltaic) и на германски (photovoltaik). Така, во употреба треба да се користи еден назив: фотоволтаична келија, фотоволтаичен модул, фотоволтаичен систем, фотоволтаична електроцентрала. Предлог: Воведување на термин: “фотоволтаична електроцентрала” е електроцентрала која ја претвора сончевата енергија во електрична енергија. | Не се прифаќа поради тоа што терминот е веќе прифатен во сите стратешки, плански и други документи, како и во правилата и прописите со кои се регулира предметната материја |
| | Член 165 (Приклучување) “Надоместокот за приклучување на мрежата, како и …” (став 2). “Регулаторна Комисија за Енергетика може да ги задолжи …” (став 5). Коментар: Изградбата на приклучокот да остане обврска на инвеститорот, а не на ЕВН. Во пракса кога ЕВН би го градел приклучокот тоа ќе биде побавно, отколку ако самиот инвеститор преземе активности за негова изградба. Затоа, предлагаме измена во овој Член, така што трошокот за приклучок на инвеститорот ќе му биде вратен од ЕВН преку тарифата за регулирана услуга. Воедно ќе биде фер, бидејќи приклучокот кој не е обврска да се отстапи, а најчесто се отстапува на ЕВН, сосема оправдано ЕВН ќе пријави дека е тоа негова инвестиција (сега пријавува свои инвестиции со туѓи пари). И во случај кога постои можност за приклучок на веќе постоечки далновод, но истиот е потребно да се обнови во дел или целосно (јаже, бандери), трошокот за обновување да го плати инвеститорот, а ЕВН да му го врати преку тарифата за регулирана услуга. Ваков начин на подмирување на трошоците е солидарен, те. целата заедница придонесува за развој на електродистрибутивната мрежа. Предлог: (став 5 се менува и гласи): “Регулаторната комисија за енергетика ги задолжува соодветните оператори да ги надоместат трошоците за приклучување на повластените производители на електрична енергија од обновливи извори на мрежата и да ги повратат надоместените трошоци преку тарифата за регулираната услуга, кога е ...” | Ова прашање ќе биде уредено со мрежните правила за дистрибуција во кои ќе биде утврден рокот за изградба на приклучокот |

| | | |
|---|---|---|
| | Член 167 (Согласност за приклучување) Во фокус: “Корисникот кој го изградил приклучокот може да ја пренесе сопственоста на приклучокот на операторот на системот без надоместок.” (став 6). Коментар: Производител на електрична енергија од обновливи извори самиот го гради приклучокот на мрежата. Согласно предложената измена во член 165, став 5 корисникот ќе биде должен да го отстапи приклучокот на ЕВН. Предлог: (додавање на нов став после став 6): “Повластен производител на електрична енергија од обновливи извори кој го изградил приклучокот должен е да ја пренесе сопственоста на приклучокот на операторот на системот, кој пак е должен да му ги надомести трошоците за приклучок.” | Ова прашање ќе се уреди во мрежните правила за дистрибуција |
| | Член 184 (Повластен производител и мерки на поддршка) Во фокус: “Владата, на предлог на министерството, донесува годишна програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од ОИЕ ...” (став 3). Коментар: Пред донесување на конкретните мерки за поддршка, сакаме да и укажеме на Владата дека претходно е потребно таа да направи сериозна анализа на влијанието на ризиците во инвестиции од ОИЕ и улогата на паметните политики кои Владата планира да ги донесе. Владата за одредување на износот на премија и периодот на нејзино користење, потребно е тоа да го стори на транспарентен начин со објавување на метода на пресметка на показателите NPV и IRR на единечен проект на фотоволтаична електроцентрала од 1 мегават, поточно да даде референти вредности (најниска, средна и највисока) за: - цена на чинење на изградба на електроцентралата во евра/kWh, - цена на чинење на оперативни трошоци во евра/kWh, - пондерирана просечна цена на капиталот, - пазарна цена на електричната енергија, - годишно производство на електрична енергија во MWh, - стапка на инфлација, - осигурителни премии Предлог: (после став 3, да се додаде нов став): Владата, на предлог на министерството, еднаш годишно во декември објавува модел на дисконтиран паричен тек во кој е прикажано нивото на поддршка за една инвестиција за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, при тоа земајќи ги предвид посебните пазарни услови и карактеристиките на технологии кои се употребуваат во постројките од обновливи извори на енергија | Секако дека изработката на подзаконската рамка која ќе ја регулира оваа тема ќе биде заснована на соодветни детални анализи |
| | Член 185 (Доделување на право на користење на премија) Во фокус: Премијата се избира во тендерска постапка (став 1), а тендерска постапка се спроведува само за државно градежно земјиште (став 8). Коментар: Иако во Законот експлицитно не се споменува дека станува збор за доделување на премија само за повластен производител кој поседува фотоволтаична електроцентрала, според изјавите на вицепремиерот во изминатиов | Во законот е сменет пристапот така што не се специфицирано за каков вид на земјиште станува збор. Во подзаконската рамка ќе бидат |

| | | |
|---|---|---|
| | период, јасно е дека премијата ќе се однесува само на фотоволтаична електроцентрала. Вака како што е напишано, не е предвидено премија да добие повластен производител чија инвестиција би била на приватно земјиште. Предлог: Да се предвиди посебна тендерска постапка за доделување на право на користење премија за повластени производители чии ФЕЦ ќе бидат изградени на приватно земјиште. Истиот предлог би се однесувал и доколку Владата прифати концепт на фиксна цена (збир од пазарна цена и премија). | уредени сите поединости во однос на начинот на имплементирање на премијата како мерка за поддршка, технологиите за кои ќе се применува и слично. (член 187 став 3 Владата донесува Уредба за мерки за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија во која особено се пропишува:<br>1) видовите технологии за кои се доделува премија, односно повластена тарифа,<br>2) посебните услови што треба да ги исполни електроцентралата за производителот да се стекне со статус на повластен производител за таа електроцентрала,<br>3) горната граница на инсталираната моќност на електроцентралата за која производителот може да стекне статус на повластен производител за таа електроцентрала, |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4) износот и периодот на користење на повластените тарифи,<br>5) начин на определување на износот на премии, начинот на исплата, како и периодот на нивно користење,<br>6) содржината на одлуката и јавниот оглас за спроведување на тендерска постапка за доделување на премии,<br>7) начинот на спроведување на тендерската постапка и аукција за доделување на премии,<br>8) задолжителните елементи на договорот со право на користење на премија и договорот за користење на премија,<br>9) документите кои се доставуваат во постапката за склучување на договорот за користење на премија |

| | | |
|---|---|---|
| | | помеѓу Агенцијата за енергетика и повластениот производител кој користи премија, и<br>10) содржината, формата и начинот на водење на евиденција на повластени производители кои користат премија. |
| | Член 186 (Права и обврски на повластениот производител кој користи премија) Во фокус: Повластениот производител кој користи премија е должен да ја продава произведената енергија на пазарот за електрична енергија (став 2, алинеја 1). Коментар: Ова е клучната одредба која прави селекција помеѓу оние кои размислуваат дали да инвестираат во фотоволтаична електроцентрала. Нејасно е дали инвеститорот треба претходно да има склучено договор со трговец за електрична енергија, или договор треба да склучи откако ќе се стекне со право на премија. Тука станува с`е јасно, а тоа е дека трговците нема да сакаат да склучуваат договори со мали производители, односно за нив ќе бидат интересни производителите кои ќе имаат поголем инсталиран капацитет (нпр. над 5 мегавати). Така, Владата ќе создаде услови за големи производители како оние кои веќе најавија учество на тендерите (ЕВН, ЕЛЕМ, ОКТА), а не е исклучено да се појават и компании од странство (согласно член 172). Премијата, која вицепремиерот најави дека нема да биде повисока од 10 евра/MWh или 1 евроцент/kWh, постои можност да не се намали или само симболично да се намали, а позади да стои договор на заинтересираните фирми-лицитатори на што предупредува ЕУ. Се наметнува и прашањето, каква е смислата на поддршка од 200-300.000 евра годишно од буџетот на државата за инсталирани 20 мегавати ФЕЦ кои ќе ги изградат големите компании како ЕВН, ЕЛЕМ ОКТА. Зарем овие компании симболичната премија ја чекаа сиве овие години? Ништо и досега не ги спречуваше да градат ФЕЦ и да продаваат електрична енергија по пазарна цена. Згора на се, на државните површини каде се предвидени да се градат ФЕЦ на истите компании државата ќе им обезбеди и приклучок, кој патем заради “близината” би требало да биде ефтин. И приклучокот го чекаа сиве овие | Во законот се дадени основите во однос на премијата како начин на поддршка за произвдоство на електрична енергија од обновливи извори. Сите детали ќе бидат уредени во подзаконската рамка која ќе се донесе врз основа на законот. |

| | | |
|---|---|---|
| | години!? Големи компании-производители од ФЕЦ, одлична база за балансните групи Ваквите услови кои планира Владата да ги создаде, ќе бидат поволни да се појават големи компании-производители од ФЕЦ, а тие пак ќе претставуваат одлична база за балансните групи кои ќе се натпреваруваат меѓусебе кој да понуди подобри услови за откуп на електричната енергија произведена од ФЕЦ. Ако помислиме на 120 мегавати ФЕЦ кои Владата најави да ги реализира во наредните 3-4 години (се шпекулира и со бројка од 300 мегавати), с`е веќе станува поатрактивно и анализата издржана. Предлог: Да се предвиди инвеститори да можат да градат ФЕЦ до 1 мегават на приватни земјишта. Произведената електрична енергија или да ја откупува операторот на пазар на електрична енергија или балансните групи според механизам на рамномерна распределба според услови кои што важеа и претходно, те. без пенали за испорачаната електрична енергија. Повластената цена за ФЕЦ до 1 магават на приватно земјиште да се постигнува во тендерска постапка со почетна цена од 10 евроценти/kWh. Повластената цена да биде збир од пазарната цена и премијата. Премијата во тој случај ќе варира. За пазарна цена да се земе просечната дневна базна цена според HUPX. | |
| | Член 190 (Откуп и пласман на електрична енергија од повластени производители кои користат повластени тарифи) Коментар: На крајно нетранспарентен начин се врши откупот на електрична енергија произведена од повластените производители кои користат повластена тарифа. Операторот на пазарот на електрична енергија мора месечно да објавува податок за откупената електрична енергија во процент и/или во киловатчаса за секој повластен производител. Се работи за народни пари кои се слеваат кај повластените производители! Праксата на објавување на извештаи на интернет страната на МЕПСО постоеше се до ноември 2015. Предлог: (после став 1, да се додадат два нови става): ( ) Операторот на пазарот на електрична енергија е должен да објавува податок за откупената електрична енергија од секој повластен производител за месецот што изминал. ( ) Операторот на пазарот на електрична енергија е должен да објавува податок за балансно одговорните страни што откупиле електрична енергија од повластените производители за месецот што изминал. | Овие податоци на редовна основа се објавуваат на веб страната на соодветниот оператор |
| | (доколку не е уредено во Мрежните правила, да се уреди во Законот за Енергетика) Во фокус: ЕВН мора да ја приклучи секоја електроцентрала на мрежа доколку има технички услови. Коментар: Можеби ова е уредено во мрежните правила, но кога тие се носат јавноста нема можност да достави свој коментар. Предлог: ЕВН мора да ја приклучи секоја | Забелешката не се прифаќа |

| | | |
|---|---|---|
| | електроцентрала на мрежа доколку има технички услови, а доколку нема технички услови ЕВН треба да ги создаде. | |
| | | |
| Невена Смилевска | Во член 11, став 1 се менува и гласи<br>(1) Енергетската политика на Република Македонија се утврдува во Стратегијата за развој на енергетиката која што ја донесува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата | Не се прифаќа. Стратегијата ја усвојува Владата на РМ. |
| | Во член 2 став (1) точка 8) се менува и гласи<br>8) Искористување на обновливите извори на енергија во насока на прекин на употребата на фосилните горива со цел имплементација на заложбите од Парискиот Договор и заштита на животната средина и климата од негативните влијанија при вршењето на енергетските дејности.<br><br>Во член 10 став (1) после точка 5) се додава нова точка и останатите се поместуваат за едно место надолу. Новата точка 6) гласи<br>6) Мерки за заштита на јавното здравје и сигурност. | Прифатено. Член 2 став (1) точки 6). 7) и 8) исполнување на обврските за обезбедување на јавна услуга на пазарите на енергија, како и ефективна заштита на правата и интересите на корисниците на енергетските системи, заштита на правата на потрошувачите на енергија и особено на ранливите потрошувачи,<br>поттикнување на користењето на енергија од обновливи извори преку соодветни и ефективни финансиски и други мерки за поддршка, заради постигнување на целите на политиката за обновливи извори на енергија и обезбедувањето на сигурност во снабдувањето со енергија, и<br>заштита на животната средина и ублажување на климатските промени од |

| | | |
|---|---|---|
| | | негативните влијанија при вршењето на енергетските дејности и во член 10 точки 6), 8), 9), 10) и 11) користење на енергетските извори на начин што обезбедува одржлив енергетски развој намалување на користењето на фосилни горива за производство на енергија, поттикнување на користењето на обновливи извори на енергија,<br>заштита на јавното здравје, животната средина и ублажување на климатските промени од штетните влијанија кои произлегуваат од вршењето на енергетските дејности, и<br>исполнување на обврските на Република Македонија кои произлегуваат од ратификувани меѓународни договори. |
| | Во член 11 се додава нов став (6) и гласи<br>(6) Стратегијата за развој на енергетиката треба да се консултира со Националниот совет за Одржлив развој.<br><br>Во член 11, став 2 се додава нова точка 14 која гласи „Истражувањата со кои е потребно да се задолжат научните институции во определниот период кој се покрива со Стратегијата за развој | Делумно прифатено член 10 став (2)<br>Заради остварување на целите на енергетската политика, надлежните државни органи и операторите на енергетските |

| | | |
|---|---|---|
| | на енергетиката“<br>Во член 11, став 2 точката 14, станува точка 15. | системи на Република Македонија остваруваат соработка со научни, образовни и стручни институции и организации, надлежните органи и тела на други држави, како и со органите и телата на регионално и меѓународно ниво основани со меѓународните договори ратификувани од Република Македонија |
| | „Еден член на Регулаторната комисија за енергетика е стручно лице за правни прашања од областа на енергетиката, еден член е стручно лице за економски прашања од областа на енергетиката, еден член е стручно лице од областа на водните услуги, еден член е стручно лице од областа на социјалните прашања, еден член е стручно лице од областа на животната средина и останатите членови се стручни лица за технички прашања од областа на енергетиката.“ | Не се прифаќа согласно надлежностите на Регулаторната Комисија за енергетика |
| | член 17, став 3, точка 1 се менува и гласи<br>1) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен ВИИ/1 степен од областа на електротехника, машинство, технолошки науки, градежништво, економија, право, социологија, социјална работа и политика, биологија, екологија, | Не се прифаќа согласмо надлежностите на Регулаторната Комисија за енергетика |
| | Во член 3 да се додаде дефиниција за „енергетска сиромаштија“ | Делумно прифатено, Во законот има дефиниција за ранлив потрошувач (член 3 став (1) точка 55) **„ранлив потрошувач“** е домаќинство во кое живее лице на кое поради својата социјална состојба и/или здравствена состојба правото за користење на мрежата и/или снабдувањето со електрична |

| | | |
|---|---|---|
| | | енергија, природен гас или топлинска енергија му се дава по посебни услови, |
| | Член 62, став 1, точка 14 се менува и гласи<br>1) услови кои треба да се исполнат за заштита на животната средина во согласност со законот и најдобрите достапни практики, | Сметаме дека е сосема доволно прецизна одредбата (Член 66) |
| | Во член 73, став 1 не е јасно на што се однесува делот „член 100“. Да се провери дали бројот на членот 100 е точен или треба да се замени со друг точен број. | Направена е соодветна корекција во член 73 и член 74 став (1) |
| | Во став 97 став 4, точка 5 се додава нова црта<br>- да достави информација до крајниот потрошувач за изворот од кој е добиена на електричната енерија која му е доставена изразено во проценти и поделено согласно категориите фосилни горива и обновливи извори на енергија | Прифатено. Во член 91 став (2) , член 194 став ((1) |
| | Во член 99 Став 7 се менува и гласи<br>„ Снабдувањето со електрична енергија во краен случај не може да трае подолго од 120 дена.“ | Не се прифаќа |
| | Во член 11, став 2 се додава нова точка 14 која гласи „Истражувањата со кои е потребно да се задолжат научните институции во определниот период кој се покрива со Стратегијата за развој на енергетиката“<br>Во член 11, став 2 точката 14, станува точка 15. | Делумно прифатено член 10 став (2)<br>Заради остварување на целите на енергетската политика, надлежните државни органи и операторите на енергетските системи на Република Македонија остваруваат соработка со научни, образовни и стручни институции и организации, |

| | | |
|---|---|---|
| | | надлежните органи и тела на други држави, како и со органите и телата на регионално и меѓународно ниво основани со меѓународните договори ратификувани од Република Македонија |
| | „Еден член на Регулаторната комисија за енергетика е стручно лице за правни прашања од областа на енергетиката, еден член е стручно лице за економски прашања од областа на енергетиката, еден член е стручно лице од областа на водните услуги, еден член е стручно лице од областа на социјалните прашања, еден член е стручно лице од областа на животната средина и останатите членови се стручни лица за технички прашања од областа на енергетиката.“ | Не се прифаќа согласно надлежностите на Регулаторната Комисија за енергетика |
| | член 17, став 3, точка 1 се менува и гласи<br>1) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен ВИИ/1 степен од областа на електротехника, машинство, технолошки науки, градежништво, економија, право, социологија, социјална работа и политика, биологија, екологија, | Не се прифаќа согласмо надлежностите на Регулаторната Комисија за енергетика |
| | Во член 3 да се додаде дефиниција за „енергетска сиромаштија“ | Делумно прифатено, Во законот има дефиниција за ранлив потрошувач (член 3 став (1) точка 55) **„ранлив потрошувач“** е домаќинство во кое живее лице на кое поради својата социјална состојба и/или здравствена состојба правото за користење на мрежата и/или снабдувањето со електрична енергија, природен гас или топлинска енергија му се дава по посебни услови, |

| | | |
|---|---|---|
| | Член 62, став 1, точка 14 се менува и гласи<br>1) услови кои треба да се исполнат за заштита на животната средина во согласност со законот и најдобрите достапни практики, | Сметаме дека е сосема доволно прецизна одредбата (Член 66) |
| | Во член 73, став 1 не е јасно на што се однесува делот „член 100“. Да се провери дали бројот на членот 100 е точен или треба да се замени со друг точен број. | Направена е соодветна корекција во член 73 и член 74 став (1) |
| | Во став 97 став 4, точка 5 се додава нова црта<br>- да достави информација до крајниот потрошувач за изворот од кој е добиена на електричната енерија која му е доставена изразено во проценти и поделено согласно категориите фосилни горива и обновливи извори на енергија | Прифатено. Во член 91 став (2) , член 194 став ((1) |
| | Во член 99 Став 7 се менува и гласи<br>„ Снабдувањето со електрична енергија во краен случај не може да трае подолго од 120 дена.“ | Не се прифаќа (член 102 став (9) |

| | | |
|---|---|---|
| Соња Ристевска | Енергетска сиромаштија<br>Член 15<br>Да се додадат две нови ставки под (1) Заради спроведување на социјална заштита од енергетска сиромаштија на граѓаните, Владата до крајот на тековната година, на предлог на Министерството усвојува годишен акциски план за намалување на енергетската сиромаштија за наредната година, по добиено мислење од Регулаторната комисија за енергетика. Министерството го изработува планот во соработка со Министерството надлежно за социјална заштита, во кој, меѓу другото, се утврдуваат<br>и тоа<br>1) Дефиниција за енергетска сиромаштија<br>2) Анализа на причините за појава на енергетска сиромаштија<br>(За да може правилно да се адресира проблемот, најпрво надлежните треба да усвојат | Не се прифаќа. Во дефинициите постои дефиниција за ранлив потрошувач. Проблемот е многу покомплексен и овој закон не е соодветно место каде треба да се решава. Законот го регулира енергетскиот сектор. |

| | | |
|---|---|---|
| | дефиниција според која ќе се моделираат мерките за нејзино искоренување. Исто така без детални анализи зошто и под кои услови се појавува овој проблем, нема да оди лесно и неговото решавање. Во многу случаи проблемот е поголем само од неможност за плаќање на сметките.) | |
| | Стратегија за развој на енергетиката<br>Член 11, став (1)<br>Енергетската политика на Република Македонија се утврдува во Стратегијата за развој на енергетиката која што ја донесува Владата на предлог на Министерството.<br>Да се замени со<br>Енергетската политика на Република Македонија се утврдува во Стратегијата за развој на енергетиката која што ја донесува Собранието на предлог на Владата.<br>(Поради важноста која што оваа стратегија го има, а и влијанието врз животите на сите граѓани на РМ, предлог е таа сепак да се усвојува во Собрание како директен претставнички орган на граѓаните.) | Не се прифаќа. Согласно Устав |
| | ИИ. ЕНЕРГЕТСКА ПОЛИТИКА<br>Цели на енергетска политика<br>Член 10<br>Ставка 5) да се смени од мерки за заштита на граѓаните од енергетска сиромаштија во мерки за сузбивање на енергетската сиромаштија.<br>(Државата како цел треба да има искоренување на енергетската сиромаштија оттуказ заложбата е поефикасна доколку не се оди само на нејзино справување туку и нејзино решавање). | Се прифаќа со различен формулација<br><br>„ намалување на енергетската сиромаштија и заштита на ранливи потрошувачи “ |
| | Член 3, дефиниции<br>измена на дефиниција под реден број 79 - лице<br>79) „лице“ е физичко или правно лице кое врши енергетска дејност, а е регистрирано во трговскиот регистар во Република Македонија, но не е корсиник на нет метеринг, | Не се прифаќа, лицето кое е корисник на нет метеринг не врши енергетска дејност и не му е потреба лиценца. |
| | Член 3, дефинции<br>промена на дефиниција под реден број 44 домаќинство<br>44) „домаќинство е краен потрошувач којшто набавува енергија или природен гас за потребите во домаќинството, овластен корисник на нет метеринг, но не и за комерцијални илино не и за какви било комерцијални или професионални дејности, | Делумно прифатено |

| | | |
|---|---|---|
| | Во членот 2, да се додаде ставка<br>8) исполнување на обврските преземени со ратификацијата на Парискиот договор | Делумно е прифатено во член 10 став (1) точки 10) и 11) |

## Евиденција на коментари и предлози добиени од институции и статус

| Институција | Коментар | Одговор |
|---|---|---|
| Секретаријат за законодавство | 1. Со оглед на тоа што Предлог законот согласно Националната програма е предмет на усогласување со законодавството на Европската унија начелно укажуваме дека во прилог на истиот не се доставени кореспондентните табели и Изјава за усогласеност согласно Одлуката за обрасците на придружното писмо и меморандумот,содржината и формата на кореспоидентната табела и на изјавата за усогласеноста прописот со законодавството на Европската унија, ниту текстовите на Европските прописи со кои треба истиот да се усогласи, така што по однос на степенот на усогласеност со европското законодавство Секретаријатот за законодавство не може да се произнесе. Во оваа смисла Секретаријатот за законодавство укажува дека по доставувањето на истите конечно ќе се произнесеме по текстот на законот. | Министерството за економија изработува табела која ќе биде финализирана пред Законот да влезе во владина процедура |
| | 2. Во членот 3 точки 9 и 10 ќе треба да се прецизира на кој пазар двата учесника склучуваат билатерален договор, односно се врши билатерална трансакција | Прифатено |
| | 3. Во рамките на дефинициите од член 3 на Предлог законот се оперира со повеќе поими кои се однесуваат на одредени субјекти како вршители на енергетски дејности како што се : деловен субјект за електрична енергија- точка 26; деловен субјект за природен гас-точка 27; енергетско претпријатие-точка 53; претпријатија- точки 14 и 15 кои можат да бидат и физички и правни лица со што се создава конфузија околу правилната употреба на овие термини низ текстот на законот, така што ќе треба истите да се воедначат | Прифатено |
| | 4. Во одредбите на членовите 6 став 4 и 7 став 3 е утврдено дека на вршителите на енергетските дејности на кои согласно овој закон или Одлуката на Владата на Република Македонија им е утврдена обврска за јавна услуга може согласно прописи за државна помош да им се додели финансиска или друга форма на надомест и/или ексклузивни права, меѓутоа за можноста од | Прифатено |

| | | |
|---|---|---|
| | доделување на државна помош треба да се имаат во предвид одредбите од Законот за контрола на државната помош за што во овој закон ќе треба изрично да се определи за каков вид и облик на државна помош се работи при што упатувањето на ексклузивните права ќе треба да изостане со оглед на тоа што во позитивното законодавство на Република Македонија ваков вид на надомест не е уреден. | |
| | 5. Во одредбата на член 6 став 5 е уредено дека условите и начинот на исполнувањето на обврската за јавна услуга ќе ги регулира со одлука Регулаторната комисија за енергетика во лиценца која ќе му биде издадена на претпријатието кое врши енергетска дејност, меѓутоа со оглед на тоа што уредување на услови како и критериуми кои треба одредени субјекти да ги исполнат за да можат да ја вршат дејноста односно да се стекнат со лиценца или сертификат или било каков друг документ издаден од страна на надлежните органи по својот карактер претставува законска материја во која смисла истите ќе треба да бидат утврдени во текстот на Предлог-законот. Ова укажување се однесува и за одредбите на член 12 став 1, 14 став 1, 15 став 1 точка 1 24 став 1 точка 1 алинеја 3 и точка 2 алинеја 3, 30 став 2 точки 1 и 3 , 41 став 1 точки 1 и 2, 43 став 2, 67 став 4, 73 ставови 6 и 7, 89 став 1 точка 4, 93 став 1 точка 2, 95 став 2, 98 став 4 точки 1 и 3, 108 став 7 точка 1, 123 став 1 точки 2 и 4, 132 став 5 точки 1 и 2, 142 став 3, 143 став 2 ,184 став 6 точка 2 и други. | Прифатено |
| | 6. Одредбата на член 11 став 5 ќе треба да изостане од причина што утврдувањето на изворите на средства за изготвување на Стратегијата за развој на енергетиката не е предмет на закон | Предлагаме да не се брише, со оглед дека и во други закони е користена оваа формулација. На пример во Закон за животна средина, член 34 |
| | 7. Одредбите на член 15 од Предлог-законот се уредува материјата за социјална заштита од енергетска сиромаштија на граѓаните при што се предвидува Владата на Република Македонија на предлог на Министерството за економија да усвои годишен акциски план за енергетска сиромаштија кој помеѓу останато уредува и | Прифатена сугестија. Во член 15 направени се измени заради услогласување со Програмата од член 10 од законот за социјална заштита |

| | | |
|---|---|---|
| | критериуми за утврдување на потрошувачите кои спаѓаат во категорија на ранливи потрошувачи. Со оглед на тоа што согласно Законот за социјална заштита Владата на Република Македонија донесува врз основа на член 10 став 2 програма за субвенционирање на потрошувачка на енергија во која утврдува корисници, мерки, модалитети на субвенции, носители и извори на средства ќе треба да се преоцени донесувањето на предложениот Акционен план за енергетска сиромаштија за да не дојде до паралелно уредување или на колизија на одредби по однос на прашањето за субвенционирање на социјално ранливи групи. Воедно од содржината на Акциониот план би требало да изостанат точките 3, 4, 5 и 6 со оглед на тоа што согласно областа што ја уредуваат не кореспондираат со материјата поврзана со социјална заштита на ранливиот слој на граѓаните на Република Македонија. Во спротивно ќе треба да се предложи наместо акциски план кој има карактер на оперативна програма за спроведување на мерките за олеснување на енергетската сиромаштија, донесување на Програма за подршка со која би се уредиле предметните прашања при што воедно би се предложиле измени во цитираниот закон од областа на социјалната заштита за нивно престанување на важење. | |
| | 8. Во членот 16 став 5 ќе треба да изостане упатувањето дека прашањата утврдени во статутот на Регулаторната Комисија за енергетика за внатрешно уредување, работа и одлучување се уредуваат и со друг закон, со оглед на тоа што овој закон е основен закон кој ги уредува овие прашања | Сметаме дека оваа одредба треба да остане, бидејќи некои прашања се уредени со Законот за водни услуги. |
| | 9. Во членот 17 став 4 ќе треба да се прецизира дали мандатот на членот на Регулаторната комисија за енергетика може да се реализира последователно или вкупно по истекот на определен број на години. Ова укажување соодветно се однесува и за мандатот на членовите на Комисијата за оценка на барањата за овластување утврдени во член 54 став 6 од предлог законот. | Усогласено |

| | | |
|---|---|---|
| | 10. Според наша оценка сите акти кои се во рамките на надлежност на Регулаторната комисија за енергетика а кои се дисперзирани низ текстот на законот би требало да се вградат во Главата III заради поконзистентна уреденост на текстот на законот. | Усогласено |
| | 11. Согласно одредбата на член 20 став 3 од предлог законот, вработените во стручните и административните служби на Регулаторната комисија за енергетика имаат статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите од Законот за административни службеници, така што не е јасно како со прописот од став 4 на овој член Регулаторната комисија за енергетика може да утврди висина на плата за истите не според висините на платите по цитираниот закон туку според ниво на плати на вработени во енергетски претпријатија, во која смисла оваа одредба ќе треба да се преработи. Ова дотолку повеќе што согласно член 35 став 3 од Предлог законот платите на членовите и вработените на Регулаторната комисија за енергетика утврдени во финасискиот план се предмет на усвојување од страна на Собранието на Република Македонија. | Согласно член 4 став 2 од Закон за административни службеници – каде има отстапка – како и кај Агенцијата за електронски комуникации согласно Законот за електронски комуникации |
| | 12. Називите на Регистрите кои согласно член 24 став 1 точка 3 ги води Регулаторната комисија за енергетика ќе треба да се усогласат со називите утврдени во другите одредби од Предлог Законот, како и да се утврдат овластувања за пропишување на формата,содржината и начинот на водење на истите. Ова укажување соодветно се однесува и за одредбата на член 182 став 2 во поглед на регистарот кој го води Агенцијата за енергетика. | Прифатено. (Надлежноста на Агенцијата за енергетика за водењето на регистри е регулирано во член 184) |
| | 13. Регулаторната комисија за енергетика според член 25 став 10 кога ќе утврди дека не постои ефикасна конкуренција на енергетските пазари ќе презема неопходни и соодветни мерки и тоа во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата и Секретаријатот на енергетската заедница, при што не е јасно како | Оваа одредба е согласно барањата на Директивата за електрична енергија 2009/72 како и соодветната Регулатива |

| | | |
|---|---|---|
| | ќе може да се реализира ваквата соработката на двете институции кои се на различно ниво на субординација ( национално и меѓународно) , како и преку кои механизми и инструменти ке ги спроведе констатираните и утврдени мерки за ефикасно функционирање на енергетските пазари. Ова начелно укажување се однесува и за другите одредби од предлог законот каде се определува ваквиот начин на работа на Регулаторната комисија за енергетика ( како на пример членови 70 став 4; 111 ставови 5 и 6; 164 ставови 9,10,11 и 12 идруги). | |
| | 14. Република Македонија е една од договорните страни на Договорот за енергетска заедница и согласно одредбите на истиот е должна да ги спроведува обврските утврдени со истиот кои се однесуваат помеѓу останатото и на известување на Секретаријатот на енергетската заедница за сите активности кои согласно овој предлог закон ги превземаат не само вршителите на енергетските дејности туку и Владата на Република Македонија, Министерството за економија и Регулаторната комисија за енергетика , меѓутоа според наша оценка би требало да изостане утврдувањето на овластувања на ова меѓународно тело да одлучува во определени рокови за активности и акти на извршната власт на Република Македонија како што е тоа на пример уредено во член 12 став 4 од овој предлог закон. Ова укажување соодветно се однесува и на улогата и поставеноста на Регулаторниот одбор на енергетската заедница како што е тоа утврдено во член 84 став 10 и член 163 ставови 5 и 9. | Оваа одредба е преземена согласно Директивата и Член 15 став 6 од Регулатива 714/2009 |
| | 15. Во членот 35 став 7 ќе треба да се прецизира рокот до кој Регулаторната комисија за енергетика може да ја продолжи одлуката за времено финасирање | Прифатено |
| | 16. Во одредбата на член 40 став 1 од предлог законот се утврдува дека само правни лица основани од странско лице во Република Македонија и правни лица основани во друга држава која е | Одредбата е согласно барањата од Директивата и во член 38 се утврдуваат случаите кога не е потребна лиценца |

| | | |
|---|---|---|
| | договорна страна на Договорот за енергетска заедница можат со примена на реципроцитет да вршат енергетски дејности во Република Македонија, меѓутоа со тоа се ограничува можноста за учество на правни лица и од други држави со што создаваме правна нееднаквост за учество на енергетскиот пазар. | |
| | 17. Во членовите 44 став 1 и 48 став 1 ќе треба да се прецизира рокот за поднесување на барање за промена на лиценца по барање на носителот и по службена должност од страна на Регулаторната комисија за енергетика ,односно за важењето на суспензијата на лиценцата | Прифатено (член 45 и 49) |
| | 18. Со оглед на тоа што согласно член 54 став 4 од предлог законот Владата на Република Македонија го определува надоместок за работа на членовите на Комисијата за спроведување на постапка за доделување на овластувања за објекти ќе треба да се предвидат и критериуми за определување на висината на истиот | Прифатено (член 56). Направена е корекција според примерот во Законот за хартии од вредност 232-б став 8 |
| | 19. Со оглед на тоа што согласно член 64 став 1 од предлог законот изградбата на нови системи за дистрибуција на природен гас е во надлежност како на Владата на Република Македонија така и на единиците на локалната самоуправа, во одредбите на овој член ќе треба да се разграничи и доразработи постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство и за двата субјекта. | Усогласено со законот за ЈПП- постапка за ЕЛС – но да се провериме со закон за ЈПП дали сите ставови од овој член се предвидени во законот за концесии и ЈПП.<br>– бришан став 6 кој е предвиден во закон за концесии и ЈПП |
| | 20. Од содржината на одредбата на член 70 став 4 не е јасно прецизирано кои субјекти ги имаат основачките права за управување со правните лица кои вршат дејност оператор со електропреносниот систем, производство и/или снабдување со електрична енергија, во која смисла оваа одредба ќе треба соодветно да се доразработи и се определат субјектите на управувањето. Ова укажување соодветно се однесува и на член 108 став 5 од предлог законот | Прифатено (член 72 и 110) |

| | | |
|---|---|---|
| | 21. Во членот 79 став 1 ќе треба децидно да се утврдат видовите на надоместоци кои ги наплаќа операторот на електропреносниот систем како и да се прецизира ситуацијата по основ на која ќе се наплаќа и надоместокот за зајакнување на мрежата наместо тоа да се предостава само кога “тоа е потребно“. | Прифатено (член 81) |
| | 22. Во членовите 85 и 96 се уредува прашање за остварување на дополнителни приходи кои ги остварува операторот на електропреносниот и електродистрибутивниот систем и како истите ги пресметува Регулаторната комисија, но со оглед на тоа што тие приходи се остваруваат при вршење на други дејности не е јасно утврдувањето на овластување за Регулаторната комисија да има право да  одлучува и по овој основ кога не е во доменот на нејзината надлежжност во која смисла овие одредби ке треба да се преоценат. | Оваа одредба е согласно барањата на Енергетската Заедница |
| | 23. Правото да при преобразба на вертикално интегрирано претпријатие, преносот на средства на новоформираното правно лице во областа на производство и пренос на електрична енергија и природен гас како што е тоа на пример уредено во член 94 став 3 од предлог законот да не се смета за трансакција во согласност со прописите за оданочување ке треба да изостане со оглед дека ова прашање  не е предмет на овој закон туку на законите од даночната област. По однос на ова прашање ќе треба да се има во предвид мислењето на Министерството за финансии. | Да се произнесе Министерство за Финансии (член 97 и член 133) |
| | 24. Во членот 102 став 4 точка 1 е утвредено дека трговецот со електрична енергија е должен да ги исполни барањата за финасиско обезбедување, но не е јасно кои се тие барања и каде истите се уредени така што ке треба ова прашање да се доразработи. | Прифатено. Во член 38 став 2 се прецизирани условите за добивање на лиценца |
| | 25. Во членот 124 став 7 ке треба да се утврди со кој акт операторот на дистрибутивниот систем ја дефинира постапката за набавка на системски услуги и балансирање. | Тоа се уредува со правилата за балансирање регулирани во член 121 и мрежните правила регулирани во член 123. |

| | | |
|---|---|---|
| | 26. Во членот 130 став 1 ке треба да се определи ситуацијата која ќе претставува исклучок за неприменување на обврските уредени во членовите 122 став 1 и 128 став 1 од овој предлог закон. | |
| | 27. Во членот 145 став 2 е утврдено дека за квалитетот на нафтените деривати и горивата за транспорт покрај вршителите на енергетската дејност се одговорни и Царинската управа и Државниот пазарен инспекторат, но не е јасно како овие органи треба да сносат одговорност за состојби и предмети за кои согласно својата поставеност не се надлежни. | Усогласено, нов член 150 |
| | 28. Според наша оценка одредбите на членовите 163 став 13 и 164 став 12 ќе треба да изостанат со оглед на тоа што уредуваат прашање за престанок на важење на мислење на Секретаријатот за енергетска заедница, акт кој го носи супранационално тело и кој по својот правна поставеност е ирелевантно да се уредува со законодавството на Република Македонија | Прифатлив е ставот на законодавство дека се уредуваат прашање за престанок на важење на мислење на Секретаријатот за енергетска заедница, акт кој го носи супранационално тело и кој по својот правна поставеност е ирелевантно да се уредува со законодавството на Република Македонија.<br>Меѓутоа, одредбите се преземени од член 17, став 8 параграф 5 од Регулативата 714/2009 и член 36 став 9 од Директивата 2009/73 и според одлуката на Министерскиот совет овие одредби се задолжителни за договорните страни и треба да се читаат на следниов начин<br>**член 17, став 8 параграф 5 од Регулативата 714/2009:** „The Secretariat's opinion on an exemption decision shall expire two years after the date of its adoption in the event that construction of the interconnector has not yet started by that date, and five years after the date of its adoption if the interconnector has not become operational by that date, unless the Secretariat considers that any delay is due |

| | | |
|---|---|---|
| | | to major obstacles beyond the control of the person to whom the exemption has been granted.“<br><br>**член 36 став 9 од Директивата 2009/73:** „The Secretariat’s opinion on an exemption decision shall lose its effect two years from its adoption in the event that construction of the infrastructure has not yet started, and five years from its adoption in the event that the infrastructure has not become operational unless the Secretariat considers that any delay is due to major obstacles beyond control of the person to whom the exemption has been granted.“<br>**Сепак, направени се корекции во членовите 167 и 168** |
| | 29. Во членот 174 став ќе треба да се утврди дека предметната активност се однесува за Република Македонија а не за други држави од причина што законодавството на Република Македонија важи и се применува само за Република Македонија. | Забелешката не е јасна. Од содржината на член 175 недвосмислено произлегува дека предвидените активности ги презема исклучиво на Владата на РМ, односно Владата ги презема активностите од став (1) само ако другата држава ги преземе дејствијата наведени во точките 1) и 2) од тој став. |
| | 30. Со одредбите на член 179 од предлог законот се уредува прашањето за лиценцирање на инсталатери меѓутоа самата постапка за издавање на лиценцата, висината на надоместокот за издавање и условите кои треба да ги исполнат лицата кои сакаат да се стекнат со оваа лиценца не се разработени во која смисла ке треба овој член соодветно да се доразработи. Ова укажување соодветно се однесува и за ракувачите со енергетски уреди и постројки уредени во член 196 од предлог законот, како и за сертификатот за изведување, односно заварување на | Сметаме дека е доволно прецизен основот за да може да се изработат подзаконските акти (член 181 Член 199 и член 200) |

| | | |
|---|---|---|
| | полиетиленски цевки од член 197 во кој е уредено само признавањето на истиот доколку е стекнат во странство. | |
| | 31. Во членот 184 ке треба да се разграничи во кои ситуации и за кои повластени производители на електрична енергија Владата на Република Македонија ќе доделува премија а кои ќе имаат право на повластена тарифа. Воедно ке треба и да се доуреди материјата за донесување, содржина и примена на Програмата од став 3 на овој член, постапката за избор на корисници и услови кои истите треба да ги исполнат, особено од причина што преку истата ќе се доделува државна помош која како шема на помош би можела да се уреди во овој предлог на закон или како субвенција согласно предложената програма. Во овва смисла ќе треба да се преработи и членот 185 од предлог законот. По однос на ова прашање ќе треба да се има во предвид мислењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата | Членовите 187 и 188 ги регулираат повластениот производител и доделувањето на право на премија . Додека во однос на Програмата разговарано со КЗК и тие сметаат дека одредбите содржани во Законот во однос на Програмата се доволни. |
| | 32. Во делот за надзор ќе треба да се разработи постапката за вршење на надзор од страна на Регулаторната комисија за енергетика во смисла на определување на овластени лица кои треба да го вршат надзорот со точно определување на активностите кои овие лица треба да ги превземат при вршење на надзорот. Исто така ќе треба да се разграничат и точно определат областите на надзор помеѓу Државната техничка инспекција и Државниот пазарен инспекторат. | Тоа е прецизирано во прекршочните одредби |
| | 33. По однос на делот за прекршоци ќе треба да се има во предвид мислењето на Министерството за правда како надлежен орган за овие прашања. | Земено е во предвид мислењето на Министерство за правда. |
| | 34. Одредбите на членовите 237 и 238 ќе треба да изостанат а во членот 241 став 1 да се утврди дека со денот на влегувањето во | Со оглед дека енергетската ефикасност не е регулирана само во една глава туку низ |

| | | |
|---|---|---|
| | сила на овој закон ќе престане да важи Законот за енергетика освен одредбите кои се однесуваат на енергетската ефикасност и биогоривата, со точно наведување на членовите од законот кои ги уредуваат овие прашања. | голем дел од текстот на законот сметаме дека овој начин е посоодветен. |

| | | |
|---|---|---|
| Министерство за правда | Имено, во член 213 од предложениот закон во став 1 треба да се наведат таксативно одредбите во кои прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува прекршочната комисија при Министерство за економија. | Прифатено, член 215 |
| | Во член 214 во ставот 2 по зборот “барање“ треба да се додадат зборовите “ за поведување“, а по зборот “во“ да се наведат таксативно одредбите за кои прекршоци надлежниот инспектор ќе издаде прекршочен платен налог. Во истиот став на крајот на реченицата по зборот “порамнување“ да се додадат зборовите “со издавање на прекршочен платен налог“. | Прифатено, член 216 |
| | Ставот 4 да се брише бидејќи предизвикува забуна во неговата примена, дотолку повеќе што во секоја одредба веке егзистира став во кој е наведено дека ќе се изрече глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице и на одговорното лице во правното лице. | Оваа одредба се применува во случај на издавање на прекршочен платен налог |
| | По ставот 7 треба да се додаде нов став 8 со кој ќе се регулира ситуацијата кога сторителот нема да ја плати глобата. | Прифатено |
| | Во член 215 став 1 треба да се наведат таксативно одредбите во кои прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува прекршочната комисија при Регулаторна комисија за енергетика. | Прифатено. |
| | Ставовите 10 и 11 треба да се бришат бидејќи прекршочната комисија сама носи одлука согласно закон дали постои прекршок и која глоба ќе се изрече на сторителот. Единствено Државната комисија за одлучување во втор степен | Сменет е пристапот според кој РКЕ може да води прекршочна постапка и во член 214 утврдени се прекршоцците за кои се поведува постапка пред надлежен суд. |

| | | |
|---|---|---|
| | во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е надлежна да цени дали постапката е законита.<br><br>Став 12 треба да се брише бидејќи не може за еден ист прекршок да се изрекуваат две санкции. Една глоба во фиксен износ (која е парична казна) и парична казна во процентуален износ.<br><br>Во конкретен член од законот треба точно да се наведе глобата во фиксен износ или глобата да биде определена во процентуален износ до 2% од вкупните приходи на правното лице имајќи го во предвид член 38 став 7 од Законот за прекршоците.<br><br>Во врска со ставот 15 треба да се има во предвид мислењето на Министерстио за финансии.<br><br>Во член 216 во став 1 треба да се наведе дека се работи за прекршоци од член 215 за кој овластени лица треба да предложат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, пред да го поднесат барање за поведување на прекршочна постапка.<br><br>Во делот на прекршочните одредби треба да се има во предвид член 21 ставови 2 и 3 од Законот за прекршоците, каде само судот изрекува санкција забрана на вршење на должност во траење до една година од денот на правосилноста на одлуката, додека прекршочен орган може да изрече забрана најмногу до 30 дена.<br><br>Во член 219 став 1, 220 став 1, 221став 1, 222 став 1, 223 став 1, 224 став 1, 225 став 1 треба да се бришат зборовите "регулаторна комисија за енергетика" бидејќи во член 215 ќе се определи за кои прекршоци одлучува Регулаторна комисија за енергетика.<br><br>Во член 226 став 1, 229 став 1, се бришат зборовите "Министерство" бидејќи во член 213 ќе се определи за кои прекршоци одлучува Министерството за економија.<br><br>Во сите членови каде е предвидена глоба за одговорно лице во правно лице треба да стои "Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот ::::::::: на овој член и на одговорното лице во правното лице."<br><br>Министерството за правда напоменува дека во законот за одделни прекршоци може да се предвиди дека прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд. | Прифатено<br><br>Прифатено<br><br>Прифатено<br><br>Прифатено.<br><br>Прифатено<br><br>Прифатено<br><br>Прифатено. Член 214 став (2) |

| | | |
|---|---|---|
| | Воедно сакаме да истакнеме дека за одделни прекршоци може да се предвиди да нема забрзана постапка со издавање на прекршочен платен налог каде сторителот може да плати половина од изречената глоба, туку да се предвиди модалитет овластеното службено лице да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд или прекршочен орган во редовна процедура.<br><br>И на крајот во преодни и завршни одредби треба да стои одредба во кој рок подзаконските акти предвидени со прекршочните одредби ќе бидат донесени. | За оние подзаконски акти за кои нема предвидено посебен рок даден е општ рок за донесување во член 236 став (10) |

| | | |
|---|---|---|
| Министерство за животна средина и просторно планирање | Воедначување на терминологијата за климатски промени низ целиот текст на законот односно секаде каде што се спо климатски промени да стои „ублажување на климатските промени | Прифатена забелешка низ целиот текст на законот каде што се споменуваат климатски промени заменето е со ублажување на климатските промени |
| | Во дефинициите да се пропише дефиниција за енергетска ефикасност | Не се прифаќа бидејќи оваа дефиниција ќе биде вклучена во законот за енергетска ефикасност |
| | Во членот 6 во ставот (1) да се додаде и „ефикасно и економично користење на природните ресурси наменети за енергетско искористување | Додаден е текстот ефикасно и економично користење на природните |

| | | |
|---|---|---|
| | | ресурси наменети за производство на енергија |
| | Во членот 9 во ставот (3) во точката 3 да се додадат зборовите и расположиви биланси на вода“ заради усогласување со прописите за управување со водите | Не се прифаќа бидејќи одредбата се однесува на природен гас |
| | Во член 17 став (2) сметаме дека најмалку две лица од членовите кои се во состав на регулаторната комисија треба да бидат претставници од секторот води. Имено со донесувањето на Законот за утврдување на ценити на водни услуги составот на комисијата од 5 се зголеми на 7 лица. Од таа причина сметаме дека најмалку еден член треба да биде стручно лице за економски прашања од бласта на водите. Согласно ова предлагаме ставот 2 на членот 17 да гласи: „Еден член на Регулаторната комисија за енергетика е стручно лице за правни прашања од областа на енергетиката, еден член е стручно лице за економски прашања од областа на енергетиката, еден член е стручно лице за економски прашања од областа на водите, еден член е стручно лице од областа на водните услуги и останатите членови се стручни лица за технички прашања од областа на енергетиката. | Делумно се прифаќа додадено е еден член стручно лице за економски прашања од областа на енергетиката и/или води |
| | Усогласување на член 50 од Законот за енергетика со прописите за животна средина. Имено во член 50 став (2) се наведува дека овластување за изградба на нови енергетски објекти не е потребно доколку новиот производен енергетски објект е со вкупна инсталирана електрична и/или топлинска моКност помала или еднаква на 10 MW. Согласно прописите за животна средина поточно Уредбата за дејности или активности за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина за овие објекти е предвидено изработка на елаборат за животна средина. Во членот е наведено дека за овие објекти не е потребно добивање овластување ниту пак подолу во членот е наведено дека за истите Ке важат прописите за животна | Не се прифаќа забелешката бидејќи при изградба на енергетски објект во целост се применуваат прописите за градење во кои се вградени и обврските на инвеститорот во областа на заштитата на животната средина. |

| | | |
|---|---|---|
| | средина. Од тие причини бараме наведените објекти да ги иземете од овој став или пак во посебен став да наведете дека за новиот производен енергетски објект кој е со вкупна инсталирана електрична и/или топлинска моКност помала или еднаква на 10 MW Ке важат прописите за животна средина во однос на оценувањето на влијанијата врз животната средина,<br>Предлагаме во ставот (4) од истиот член на крајот се додадат и зборовите: „и заштитата на животната средина. Ова го бараме од причина што за некои објекти доколку им се зголемува обемот на работа односно капацитетот треба соодветно да се спроведе оценка на влијанието врз животната преку изработка  на студија или елаборат согласно Законот за животна средина | |
| | во членот 53 покрај наведените услови ппотребно е да се додаде дека се обезбедени водостопански услови за објекти кои користат вода за производство на електрична енергија согласно прописите за  управување со водите. Целта на ова барање е обезбедување дека за објектот не постојат пречки за негова изградба и употреба од аспект на користење на водите и заштитата на животната средина | Не се прифаќа бидејќи водостопанските услови за проектирање се составен дел на основниот проект кој што се поднесува кон барањето за издавање на дозвола за користење на вода. Бидејќи во фаза на прибавување на овластувањето за изградба на електроцентрала не е потребно да се достави одновен проект, сметаме дека барањето на МЖСПП е беспредметно. |
| | во членот 57 точка 6 да се преформулира и да гласи: услови кои треба да се исполнат за користење на водата и за заштита на животна средина во согласност со закон | Не се прифаќа поради погорене наведените причини |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| | Во член 16 да се додаде нов став: | Прифатено член 16 став 1 гласи **Регулаторната комисија за енергетика е самостојно, непрофитно регулаторно тело кое го** |

| | | |
|---|---|---|
| Регулаторна комисија за енергетика | РКЕ е непрофитна организација и своето сметководство го води согласно Законот за сметководство на непрофитни организации. | регулира начинот на вршење на енергетските дејности од **Error! Reference source not found.** од овој закон |
| | Во член 25, став (8), зборовите"став (7)" да се заменат со „став (6)“ | Прифатено. Направена е целосна промена на членовите. |
| | Во член 35, став (6) да се брише или зборот „април “да се замени со „мај “ | Прифатено. Зборот „април“ е заменет со „мај“ |
| | Во член 36, зборовите „за усвојување “да се избришат | Прифатено. |
| | Во член 42, став (2) да се промени и да гласи:<br><br>(2) Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука за издавање на лиценца откако носителот на привремената лиценца ќе достави одобрение за употреба на енергетскиот објект или извештај за извршен технички преглед од надзорниот инженер за објектите за кои што не е потребно издавање на одобрение за употреба или решение за ставање во употреба на опремата која што е вградена во постоечки градежен објект изграден во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој Закон. | Прифатено. Вграден е нов член 44 со речиси идентичен текст. |
| | Во член 93, каде се уредуваат Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, да се дополни дека истите, во корелација со Правилникот за обновливи извори на енергија, ги уредуваат и условите и начинот по кои вишокот од произведената енергија од обновливи извори на енергија наменета за сопствена потрошувачка се предава во електродистрибутивната мрежа.<br><br>Ова е од причина што доколку не се пропише уредувањето на ова прашање и во Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, при практична имплементација може да | Прифатено. Во член 96 е вградена нова точка 4 која гласи:<br><br>4) техничко-технолошките услови, начинот за приклучување и начинот на користење и пристап на електродистрибутивниот систем од корисниците кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија за сопствена потрошувачка, како и начинот на кој произведената електрична енергија се предава во електродистрибутивната мрежа. |

| | | |
|---|---|---|
| | дојде до неусогласеност и не применливост на овој значаен новитет што го нуди законот. | |
| | Во член 23 од нацрт текстот на предлог Законот за енергетика (Цели на регулирање на енергетските дејности), став (1), точка 5) е наведено “оптимизирање на употребата на електричната енергија и природниот гас од страна на претпријатијата за електрична енергија и природен гас заради унапредување на енергетската ефикасност преку обезбедување на услуги за управување со енергијата, воведување на напредни системи за мерење, како и паметни мрежи кога е тоа потребно”.<br><br>За постигнување на оваа цел потребно е да се предвидат конкретни обврски за операторите на системите за дистрибуција на електрична енергија и природен гас во член 90 став (3) и член 124 став (2) соодветно, во смисла:<br><br>Да подготви економска проценка за сите долгорочни трошоци и придобивки за пазарот и за поединечниот потрошувач или која форма на напредни системи за мерење е економски оправдана и трошковно ефективна и во која временска рамка е изводливо нејзиното спроведување и истата да ја достави до Регулаторната комисија за енергетика на разгледување и понатамошно одобрување.<br><br>Дополнително, во член 234 (Донесување на прописи) став (5) да се пропише обврската за изработка на оваа економска проценка во рок од една година од донесувањето на овој закон. | Прифатено. Во член 94 е вграден нов став со вакво барање за ОДС. |
| | Во член 155, став (4), на крајот на реченицата зборовите “крајните потрошувачи” да се заменат со зборовите | Прифатено |

| | | |
|---|---|---|
| | “Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија”. | |
| | Во член 156, да се додаде нов став (3)<br><br>(3) Во колективните станбени, станбено-деловни и деловно-станбени објекти каде распределбата на надоместокот се врши преку еден колективен мерен уред начинот на задолжување на исклучените потрошувачи го уредува Регулаторната комисија за енергетика, а во согласност со начелата на колективно домување од Законот за домување.<br><br>или Законодавецот да дефинира одредба/одредби во Законот за енергетика со кои се уредува начинот на задолжување на исклучените потрошувачи. | Не се прифаќа, доколку се утврди потреба за вакво регулирање тоа треба да биде сторено од страна на Регулаторната Комсија за енергетика. |
| | Во член 158, став (2), по зборовите “електрична енергија” сврзникот “и” да се замени со запирка, а по зборовите “природен гас” да се додадат зборовите “и топлинска енергија”. | Прифатено |
| | Членот 203 да се избрише, бидејќи Третиот пакет не предвидува вклучување на Регулаторната комисија за енергетика во стечајна постапка врз носител на лиценца. Сметаме дека не може со Закон за енергетика да се утврдуваат обврски или начини на постапување на стечајниот судија или стечајниот управник, бидејќи тоа е регулирано со други закони и прописи од областа на правосудството. | Делумно прифатено, избришан е ставот со кој се предвидуваше забрана за ликвидација. |
| | Во членовите 227, 228 и 230 не е наведено кој орган е надлежен за изрекување прекршоци и тие членови треба да се преработат и точно да се наведе дека за изрекување прекршоци е надлежна Регулаторната комисија за енергетика. | **Сменет е пристапот според кој РКЕ може да води прекршочна постапка и во член 214 утврдени се прекршоцците за кои се поведува постапка пред надлежен суд** |
| | Во член 232 став (2) е предвидено членовите на Комисијата за жалби и нивните заменици да ја извршуваат својата функција до | Не е прифатено, односно членовите на Комисијата за жалби и нивните заменици именувани пред влегувањето во сила на овој |

| | | |
|---|---|---|
| | завршување на постапките започнати согласност Законот за енергетика. Бидејќи останува нејасно до кој момент ќе работи Комисијата за жалби во областа на енергетиката, кој ќе ги продолжи започнатите спорови и кој ќе раководи со архивата. Предлагаме члeновите на Комисијата за жалби и нивните заменици да ја извршуваат својата функција до престанок на нивниот мандат и/или до завршување на сите започнати управни постапки и управни спорови. | закон продолжуваат да ја извршуваат својата функција до завршување на постапките започнати согласно Законот за енергетика.(член 234) |
| | Законодавецот да ја разгледа можноста за ребрендирање на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија, или друг соодветен назив кој ќе ги вклучува водните услуги. | Прифатено. Член 4 став 2. |

| | | |
|---|---|---|
| МИОА | Имајќи предвид дека Законот за енергетика е во процедура на донесување на сосема нов закон, а истиот се однесува и на ресурсите што ги обезбедуваат операторите на енергетскиот пазар преку соодветна инфраструктура, што во дел е хармонизирана и со Законот за електронските комуникации, МИОА има предлог којшто ќе биде потребно да биде интегриран во текстот на ЗЕ. Имено, согласно Законот за електронските комуникации е определено дека: „Електронска комуникациска мрежа е преносен систем и таму каде што е применливо и комутациска или насочувачка опрема и други средства вклучително мрежни елементи што не се активни, а коишто овозможуваат пренос на сигнали преку жичени, радиобранови, оптички или други електромагнетни средства, вклучувајќи сателитски мрежи, фиксни (со комутација на кола или комутација на пакети, вклучувајќи и Интернет) и мобилни земски мрежи, електроенергетски кабелски системи, доколку се користат за пренос на комуникациски сигнали, радиодифузни мрежи и | Прифатено. Инкорпорирано во член 198 и член 87 став (2). |

| | | |
|---|---|---|
| | кабелски телевизиски мрежи, независно од видот на информациите што се пренесуваат.“ Оттаму, а поради искористување на целосниот капацитет на инфраструктурата предлагаме во Законот за енергетика да се додаде нов член во глава X „Пристап на трети страни и приклучување на мрежи“ или каде сметате дека е соодветно и тоа: “(1) Инфраструктурата што ја користат операторите за пренос на електрична енергија, може да ја користат и оператори на јавна електронска комуникациска мрежа кои обезбедуваат електронски комуникациски услуги за пренос на комуникациски сигнали, радиодифузни мрежи и кабелски телевизиски мрежи, независно од видот на информациите што се пренесуваат. (2) Операторите за пренос на електрична енергија и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа кои обезбедуваат електронски комуникациски услуги за пренос на комуникациски сигнали, радиодифузни мрежи и кабелски телевизиски мрежи склучуваат договор за користење на инфраструктура за пренос на комуникациски сигнали, радиодифузни мрежи и кабелски телевизиски мрежи, на начин и под услови утврдени со закон.” | |